Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 273, 1 април 2021 година

април 2021 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

## С О Д Р Ж И Н А

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ (50603) И ТЕОРИЈА НА ФИРМИ, МИКРОЕКОНОМСКИ ПРИНЦИПИ И ИНОВАЦИИ (50329) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 5

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - КЛАРИНЕТ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 19

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 29

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП ........ 43

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА И ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА ГЕРМАНСКИТЕ НАРОДИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 52

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РОМАНИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 66

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „КИНЕМАТИКА И ДИНАМИКА” ОД ПРОФ. Д-Р СИМЕОН СИМЕОНОВ И ДОЦ. Д-Р САШКО МИЛЕВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 72

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО НАЦИОНАЛНА ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ И ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 75

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ОПШТА ПАТОЛОШКА ФИЗИОЛОГИЈА“ ОД ДОЦ. Д-Р МИЛКА КЛИНЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 78

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ИНТЕЛИГЕНТНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМПОНЕНЕТИ И УРЕДИ” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ГОЦЕ СТЕФАНОВ, ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 83

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО - НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 86

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ (50603) И ТЕОРИЈА НА ФИРМИ, МИКРОЕКОНОМСКИ ПРИНЦИПИ И ИНОВАЦИИ (50329) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-82/6 од 16.3.2021 година донесена на 241. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 16.3.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област бизнис менаџмент (50603) и теорија на фирми, микроекономски принципи и иновации (50329) на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 5.3.2021 година и во предвидениот рок се пријави д-р Мичо Апостолов, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Мичо Апостолов** е роден на 28 јуни 1982 година. Дипломира во 2005 год. на Економскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје. Во учебната 2005/2006 год. добива стипендија за постдипломски студии на Институтот за европски студии College of Europe|Collège d›Europe, Bruges/Natolin, на насоката Внатрешен пазар. Магистрира во 2006 год. на тема „Competition Policy on both sides of the Atlantic - Analyses of mergers that were accepted (or refused) in the EC but not in the US” и се стекнува со академски степен магистер на науки по европски студии – внатрешен пазар. Во 2007 год. добива стипендија од Владата на Италија и се запишува на докторски студии на Scuola Superiore Sant›Anna di Studi Universitari e di Perfezionamento (Normale di Pisa), Институт за менаџмент во Пиза, Италија. Докторира на истиот универзитетски институт во 2011 год. на тема „Management of the international competitiveness of firms, national and regional systems: Analysis of corporate governance and enterprise restructuring in Southeast Europe“ и се стекнува со академски степен доктор по менаџмент, конкурентност и развој. Во текот на студиската 2009/2010 г. е ангажиран како VSPA (Visiting Scholar and Postdoc Affairs) на Универзитетот во Калифорнија, Беркли - Haas School of Business. Во периодот меѓу 2007 и 2011 година остварува неколку кратки истражувачки работни посети во странство, каде што од приложената документација се гледа дека кандидатот има работно искуство во многу домашни и меѓународни проекти.

Во текот на 2004/2005 година е во работниот тим на проекти од World Bank Institute Corporate Governance Group, каде што се здобива со четири светски признаени сертификати во областа на корпоративното управување. За време на престојот на Институтот за менаџмент во Италија е вработен како истражувач во MAIN Laboratory (Management & Innovazione). Во текот на својот VSPA е истражувач на Универзитетот во Калифорнија, Беркли - Haas School of Business. Истовремено, кандидатот е член на неколку меѓународни асоцијации, мрежи и алумни клубови. Во академските 2016-2019 година е визитинг професор на Università degli Studi di Torino - Department of Management, додека, исто така, во академската 2018/2019 г. е визитинг професор на Università Ca’ Foscari Venezia - Department of Management. Од 2011 год. до денес е ангажиран како професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” по група предмети од областа на економски науки и менаџмент. Од приложената документација се

заклучува дека кандидатот студирал на неколку странски јазици (англиски, француски и италијански јазик), што укажува на нивно одлично познавање.

***Општи услови за избор***

1. Просечен успех: согласно со законските прописи за просечен успех на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно.
2. Научен степен-доктор на науки: Scuola Superiore Sant'Anna di Studi Universitari e di Perfezionamento (Normale di Pisa), Istituto di Management, Pisa Italia од 4.2.2011 год. на тема „Management of the international competitiveness of firms, national and regional systems: Analysis of corporate governance and enterprise restructuring in Southeast Europe" - доктор по менаџмент, конкурентност и развој.
3. Претходен избор во звање: со Одлука бр. 2102-139/5 од 28.3.2016 година, д-р Мичо Апостолов е избран за вонреден професор во наставно-научната област бизнис менаџмент и применета економија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
4. Објавени најмалку шест рецензирани научи трудови во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните 5 (пет) години пред објавувањето на огласот за избор:

| **Р.б.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Josheski D., Apostolov. M. 2020. _ | A review of the binomial and trinomial models for option pricing and their convergence to the Black-Scholes model determined option prices | *Econometrics*, 24(2): 53-85 [ISSN: 2449-9994] @ DE GRUYTER (Sciendo):<br>DOI: https://doi.org/10.15611/eada.2020.2.05<br>EBSCO<br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24252 | 23 |
| **2.** | Apostolov M., Scagnelli. S. 2019. | Foreign direct investments and domestic firms. Cui bono? | *Business Systems Research*, 10(2): 18-36 [ISSN: 1847-9375] @ DE GRUYTER (Sciendo):<br>DOI: https://doi.org/10.2478/bsrj-2019-015<br>Web of Science<br>Scopus - 0.8<br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22549 | 9 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Josheski D., KaramazovaE., Apostolov M. 2019. | Shapley-Folkman-Lyapunov theorem and Asymmetric First price auctions | *Applied Mathematics and Nonlinear Sciences*, 4(2): 331-350 [ISSN: 2444-8656] @ DE GRUYTER (Sciendo):<br><br>DOI: https://doi.org/10.2478/AMNS.2019.2.00029<br>Scopus - 0.12<br>EBSCO<br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22360 | 6 |
| **4.** | Scagnelli S., Vasile L., and Apostolov M. 2019. | Survival Drivers of Post-Incubated Start-Ups: The Effect of Academic Governance | *International Journal of Innovation Management*, 23(7): 1950062 - 20 [ISSN: 1363-9196] @ WorldScientific:<br><br>DOI: https://doi.org/10.1142/S1363919619500622<br>Web of Science<br>Scopus - 2.7<br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22367 | 24 |
| **5.** | Apostolov M., Josheski D. 2018. | Macedonia's exports toward Southeast Europe through the gravity model | *Journal of Economic and Administrative Sciences*, 34(2): 108-122 [ISSN: 1026-4116] @ EMERALD:<br><br>DOI: https://doi.org/10.1108/JEAS-05-2017-0039<br>Web of Science<br>EBSCO<br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20180 | 18 |
| **6.** | Apostolov M. 2017. | The impact of FDI on the performance and entrepreneurship of domestic firms | *Journal of International Entrepreneurship,* 15(4): 390-415 [ISSN: 1570-7385] @ SPRINGER:<br>DOI: http://dx.doi.org/10.1007/s10843-017-0205-4<br>Web of Science<br>Scopus – 3.7<br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19969 | 18 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | Apostolov M. 2017. | FDI Uppers and Downers: A Macedonian Case Study | *New Global Studies*, 11(1): 45-82 [ISSN: 1940-0004] @ DE GRUYTER:<br><br>DOI: https://doi.org/10.1515/ngs-2017-0010<br>Web of Science<br>Scopus - 0.1<br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19968 | 14 |

5. Од приложената документација се заклучува дека кандидатот студирал на неколку странски јазици, односно англиски, француски и италијански јазик, што укажува на нивно одлично познавање.
6. Објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија/и или практикум/и или збирка задачи од научната област за која се избира.
7. Д-р Мичо Апостолов покажува напредна способност за изведување на високообразовна дејност како вработен на ФТБЛ при УГД од 2011 година, почнувајќи од доцент до вонреден професор, но исто така и на престижни странски универзитети.

***Посебни услови***

1. Под менторство се изработени дипломски/магистерски тези. Во изборниот период, д-р Апостолов бил ментор на дипломски трудови, како и ментор на 3 магистерски труда.
2. Учествувал во научноистражувачки проекти на универзитетско и национално ниво.
3. Придонес во оспособување помлади наставници и соработници: д-р Апостолов соработувал со повеќе помлади наставници и соработници од ФТБЛ и бил вклучен како рецензент за избор или издавачка дејност.
4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Мичо Апостолов е вработен како доцент по група предмети од економски науки и менаџмент (Одлука бр. 2602-168/14 од 7.9.2011 год.), а од 2016 година досега е вонреден професор за наставно-научната област бизнис менаџмент и применета економија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 2102-139/5 од 28.3.2016 год.).

Проф. д-р Мичо Апостолов е ангажиран во наставата на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на студиските програми на катедрите за бизнис логистика и бизнис администрација, за предметите:

*Прв циклус студии*

– Бизнис администрација
– Менаџмент на информациони системи
– Меѓународен бизнис
– Менаџмент на синџир на снабдување
– Бизнис системи (универзитетски изборен)
– Практична настава – интердисциплинарен проект.

*Втор циклус студии*
- Менаџмент на синџир на снабдување
- Современи техники и информатички технологии во логистиката
- Е-бизнис.

*Трет циклус студии (студиската програма Туризам)*
- Менаџмент во туризмот.

Професионалниот ангажман ги надминува рамките на Универзитетот, со ангажманот како визитинг професор на Università degli Studi di Torino - Department of Management (2016-19), како и визитинг професор на Università Ca' Foscari Venezia - Department of Management (2018/2019). Во изборниот период за потребите на наставата на ФТБЛ при УГД - Штип има издадено учебници, практикуми и други рецензирани наслови кои се користат како учебно помагало. Професионалниот однос продолжува и во работата со студентите во менторирањето на дипломски работи и магистерски трудови, како и во наставата и вонаставни активности по предметите од областите за кои е избран, но и од аспект на континуирано унапредување на курикулумите. Проф. д-р Мичо Апостолов има позитивна оценка од евалуација од страна на студентите.

**Научноистражувачка дејност**

Научноистражувачката дејност на кандидатот д-р Мичо Апостолов може да се оцени преку бројните и квалитетни научноистражувачки трудови издадени во научни и стручни публикации во странство во изборниот период од 2016 до 2021 год.

Во време на изборниот период, кандидатот д-р Мичо Апостолов има публикувано монографии и научни книги во земјава и во странство, со научноистражувачка и стручно-апликативна примена, согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо образование. Наведените трудови се составен дел на е-репозиториумот при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

*Научен труд објавен во списание со ИФ*
*(прв автор, втор автор, останати автори)*

1. Apostolov M., Scagnelli S. 2019. Foreign direct investments and domestic firms. Cui bono?, ***Business Systems Research***, 10(2): 18-36 [ISSN: 1847-9375] @ DE GRUYTER (Sciendo):
   DOI: https://doi.org/10.2478/bsrj-2019-015
   **Web of Science (WoS)**
   **Scopus -** CiteScore 0.8
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22549

   Овој труд ја испитува продуктивноста на домашните фирми со странска сопственост. Цели: Странските директни инвестиции влијаат на конкурентските компетенции на домашните фирми; така, целта е да се види начинот на кој странската сопственост го поттикнува растот на домашните фирми. Методи / Приод: Студијата користи стандардни модели за анализа на продуктивноста; се применуваат дата бази од податоци за Македонија, економија во Југоисточна Европа, при што странската сопственост има голема улога во процесите на преструктурирање на домашните фирми, зголемувајќи ја нивната продуктивност. Резултати: Така, резултатите ја поддржуваат главната идеја дека зголеменото присуство на странски фирми влијае позитивно на преструктурирањето и деловната активност на домашните компании. Заклучоци: Анализата потврдува дека странската сопственост влијаела на целокупната економија и особено на домашните фирми со постојан пораст на вработеноста и особено на директниот извоз.
2. Josheski D., Karamazova E., Apostolov M. 2019. Shapley-Folkman-Lyapunov theorem and Asymmetric First price auctions, ***Applied Mathematics and Nonlinear Sciences***, 4(2): 331-350 [ISSN: 2444-8656] @ DE GRUYTER (Sciendo):

DOI: https://doi.org/10.2478/AMNS.2019.2.00029
**Scopus -** CiteScore 0.12
**EBSCO**
**MathSciNet** - Mathematical Citation Quotient (MCQ) : 0.43.
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22360

Во овој труд е ревидирана не-конвексноста во економијата. Теоремата Шепли-Фолкман-Лиапунов е тестирана за асиметрични аукции каде што понудувачите ги следат лог-конкавните распределби на веројатноста (не-конвексни преференции). Десет стандардни статистички дистрибуции се искористени за да се опише однесувањето на понудувачите. Во основа, она што е тестирано е дека рамнотежната цена може да се постигне кога збирот на голем број не-конвексни сетови е конвексен (приближно), така што оптимизацијата е можна. Така, заклучок е дека конвексноста е многу важна во економијата.

3. Scagnelli S., Vasile L., and Apostolov M. 2019. Survival Drivers of Post-Incubated Start-Ups: The Effect of Academic Governance, ***International Journal of Innovation Management***, 23(7): 1950062 - 20 [ISSN: 1363-9196] @ WorldScientific:
DOI: https://doi.org/10.1142/S1363919619500622
**Web of Science (WoS)**
**Scopus -** CiteScore 2.7
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22367

Инкубатори, спин-оф, индустриски мрежи и конзорциуми се некои од примерите за изградба на врски универзитет - индустрија во поттикнување на иновации. Универзитетските инкубатори се добро познати по тоа што го поддржуваат растот на старт-ап компании преку обезбедување на знаење и истражување, како и одржување на претприемништво преку директно вклучување на универзитетскиот кадар. Така, целта на овој труд е да се испита влијанието на универзитетскиот кадар врз финансиските перформанси на примерок од фирми основани врз база на нови технологии, кои претходно биле инкубирани од различни инкубатори на италијанските универзитети. Во суштина, резултатите од присуството на академско управување во однос на финансиските перформанси на фирмата се со одредено намалување, дури и при контрола за други варијабли како што се индустријата и бројот на регистрирани патенти.

4. Apostolov M., Josheski D. 2018. Macedonia's exports toward Southeast Europe through the gravity model, ***Journal of Economic and Administrative Sciences***, 34(2): 108-122 [ISSN: 1026-4116] @ EMERALD:
DOI: https://doi.org/10.1108/JEAS-05-2017-0039
**Web of Science (WoS)**
**EBSCO**
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20180

Целта на овој труд е да се испитаат извозните перформанси на Македонија до нејзините главни трговски партнери од Југоисточна Европа; оттука, авторите се фокусираат на најголемите земји-увознички кои се најзастапени во македонскиот трговски биланс. Податоците користени во овој труд се анализираат со гравитациониот модел, кој има добри карактеристики и многу стабилна перформанса. Резултатите покажуваат дека домашниот БДП на земјата е позитивно поврзан со извозот и дека земјите од Балканот имаат позитивни склоности за увоз од Македонија, меѓутоа утврдено е дека популацијата на земјата има негативна корелација. Дополнително, деловните циклуси немаат позитивно влијание врз македонскиот извоз во целните земји.

5. Apostolov M. 2017. The impact of FDI on the performance and entrepreneurship of domestic firms, ***Journal of International Entrepreneurship,*** 15(4): 390-415 [ISSN: 1570-7385] @ SPRINGER:
DOI: http://dx.doi.org/10.1007/s10843-017-0205-4
**Web of Science (WoS)**
**Scopus -** CiteScore 3.7
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19969

Авторот испитува како странските директни инвестиции влијаат врз перформансите и претприемништвото на домашните фирми, клучно прашање за економиите водени од егзогени фактори и особено економиите во транзиција. Целта е да се истражи начинот на кој странските директни инвестиции ги обликуваат можностите на домашните фирми; оттука, за оваа цел, е земена Македонија, економија на Југоисточна Европа, како студија на случај. Притоа основно е дека (i) странската сопственост помогна во преструктурирање и зајакнување на продуктивноста на домашните фирми, (ii) СДИ имаат позитивно влијание во создавањето на нови фирми и (iii) во согласност со утврдената литература, веројатно е дека странските инвестиции влијаат на барателите на работа да се вработат, отколку да започнат сопствен бизнис. Генерално, резултатите го потврдуваат влијанието на странските фирми во помагањето на претприемачката активност. Влијанието на странските инвестиции е позитивно и има тенденција да влијае на процесот на преструктурирање на домашните претпријатија.

6. Apostolov M. 2017. FDI Uppers and Downers: A Macedonian Case Study, ***New Global Studies***, 11(1): 45-82 [ISSN: 1940-0004] @ DE GRUYTER:
   DOI: https://doi.org/10.1515/ngs-2017-0010
   **Web of Science (WoS)**
   **Scopus -** CiteScore 0.1
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19968

Овој труд испитува како странските директни инвестиции влијаат врз перформансите на домашните фирми, клучно прашање за економиите - особено за економиите во транзиција - водени од напливот на глобални фактори. Ова истражување користи квалитативна методологија на истражување и конкретно метод на студија на случај. Предметна земја е Македонија, економија од Југоисточна Европа. Понатаму, студијата го испитува начинот на кој странските директни инвестиции го обликуваат целокупното деловно опкружување. Резултатите укажуваат на влијанието на странските фирми во помагањето на деловната активност.

*Научен труд објавен во меѓународно научно списание*
*(прв автор, втор автор, останати автори)*

7. Josheski D., Apostolov M. 2020. A review of the binomial and trinomial models for option pricing and their convergence to the Black-Scholes model determined option prices, ***Econometrics*** , 24(2): 53-85 [ISSN: 2449-9994] @ DE GRUYTER (Sciendo):
   DOI: https://doi.org/10.15611/eada.2020.2.05
   **EBSCO**
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24252

Авторите во ова истражување ги разгледуваат биноминалните и триноминалните модели за цени на опциите и нивната конвергенција кон моделот Блек-Сколс. Овие модели се генерализирани за европските и американските опции. Резултатите ја поддржуваат конвенционалната мудрост дека триноминалните модели за цени на опциите, како што се моделот Камрад-Ричкен и моделот Бојл, конвергираат побрзо од биноминалните модели. Кога биноминалните модели се споредуваат во смисла на конвергенција, најефикасен модел е моделот на Цароу-Рад. Битно е да се напомни дека биноминалната дистрибуцијата дава резултат на лог-нормална распределба, како што е претпоставена од моделот Блек-Сколс.

8. Dimitrov, N., Apostolov, M. and Delova, E. 2019. *Logistic strategy for solving traffic problems in the cities - urban (city)logistics*. ***SocioBrains***, 53 (1): 52-58 [ISSN 2367-5721] @ Smart Ideas - Wise Decisions
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21197

Како дел од ова истражување се разработени две студии во рамките на Европската Унија на кои се инсистира во последните неколку години, а решенијата за тие проекти треба и мора да бидат прифатени и користени од сите земји. Овие проекти се однесуваат на: 1) Транспорт и животна средина - регионален аспект и 2) Студија за превоз на стоки во градовите - урбана логистика. Првата студија ги истражува и прецизира мерките во

однос на транспортот и животната средина, а втората се однесува на рационализација на градските центри за дистрибуција на стоки со предлог за формирање на градски логистички центри и центри за дистрибуција на стоки како главни носители на интермодализам.

9. Chacorovski, Z., Atanasoski, D., Apostolov, M. and Stojanovska-Stefanova, A. 2017. *South Sudan Vehicle Workshop Hazardous Waste Management.* ***Journal of Traffic and Transportation Engineering***, 3 (1): 157-169. [ISSN 2328-2142] @ David Publishing Company
DOI: https://10.17265/2328-2142/2017.03.004
**EBSCO**
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18190

Сите менаџери на објекти и управители на возен парк знаат колку тешко може да биде ефикасното управување со опасен отпад, како и да се идентификуваат можностите за економско рециклирање. Овој труд го разгледува контекстот околу работилниците за возила на ГО (глобални организации) и управувањето со животната средина во Јужен Судан, конкретно, управувањето со опасен отпад. Идентификувани се потенцијалните можности за рециклирање и се дадени неколку прелиминарни менаџмент предлози.

*Монографија или научна книга*

10. Josheski, D., Karamazova, E. and Apostolov, M. (2020) *Mechanism design, Mathematical Economics and Statistics.* OmniScriptum GmbH & Co. KG. [ISBN 978-620-2-55281-3]
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24054

Оваа книга опфаќа три теми во математичката економија и економската теорија кои се решаваат со употреба на методи од математичката статистика. Првиот дел опфаќа теми како што се: Механизам Викри – Кларк – Гроувс. Потоа продолжува со Проспект теоријата и последниот дел се однесува на Теорема на Миерсон-Сатертвајт и асиметрични ФПА аукции.

11. Josheski, D., Karamazova, E. and Apostolov, M. (2019) *Tales in Economic theory and Mathematical Statistics: Three essays.* OmniScriptum, OmniScriptum,Germany. [ISBN 978-620-0-21727-1]
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22139

Оваа книга содржи три есеи врзани за економската теорија: Теорема Мајерсон-Сатертвајт и асиметрични аукции, Теорија на аукција и механизми на игра и третиот дел се однесува на модели за цени на опциите. Во секој од овие есеи е користена математичка статистика, заедно со нумерички оптимизации за да се докажат микроекономските теореми.

12. Magdinceva Sopova, M., Dimitrov, N., Apostolov, M., Filiposki, O., Shutarov, V., Ristova, C., Miceva, M., Kalenikov, A., Boshnakov, M., Minova Iceva, P., Georgiev, B. and Ardzanliev, T. (2019) *Стратегија за развој на туризмот во Општина Гевгелија (2019-2024).* Општина Гевгелија. [ISBN 978-608-4756-40-8]
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23646

Стратегијата за развој на туризмот во општина Гевгелија за период 2019-2024 година, претставува пишан и научно заснован документ, изработен од страна на Факултетот за туризам и бизнис логистика од Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Стратегијата за развој на туризмот во Општина Гевгелија за период 2019-2024 година е целосен документ кој се состои од анализи, предлози, насоки и потребни активности за остварувања на визијата за Општина Гевгелија, како една од најразвиените туристички дестинации на подрачјето и поширокиот регион.

13. Apostolov, Mico (2018) *Global Supply Chains, Trade and FDI.* CreateSpace - An Amazon Company, USA, USA. [ISBN 978-1729750698]
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20847

Синџирите за снабдување обично се опишуваат како збир на активности кои го следат производот или услугата од зачнувањето, преку различните фази на производство, до крајната достава до потрошувачите. Доколку ваквите испреплетени процеси помеѓу компаниите се случуваат во повеќе од една економија, тогаш се нарекуваат Глобални

синџири на снабдување (ГСЦ). Така, во денешно време, производствените процеси вклучуваат неколку национални економии, каде што секоја економија има одредена специјализација во фазите на производниот процес, односно производната секвенца.

14. Koteski, C., Dimitrov, N., Jakovlev, Z., Apostolov, M., Magdinceva Sopova, M., Josheski, D. and Namicev, P. (2018) *Каталог за научниот проект: Можности и перспективи за развој на туризмот во сливот на Црна Река.* Univerzitet Goce Delcev - Stip, Macedonia. [ISBN 978-608-244-506-9]
 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19918

Ова истражување има научна и практична цел. Научната цел се однесува на одредени теренски и теоретски сознанија за можностите и условите за развој на туризмот во сливот на Црна Река во југозападниот дел на Македонија, а практичната цел е поврзана со одредена имплементација на теоретските сознанија во практиката. Според тоа, практичната цел на ова истражување има широки димензии, бидејќи треба да ги мобилизира сите фактори кои непосредно и посредно се инволвирани во туризмот, т.е. се заинтересирани за истражување на оваа проблематика.

15. Apostolov, Mico (2017) *Essays on foreign ownership.* CreateSpace - An Amazon Company. [ISBN 978-1979275675]
 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18459

Теоретските претпоставки се дека странските компании имаат стратешка предност врзана за капиталот што може да предизвика позитивен и/или негативен ефект врз економијата домаќин. Јазот во продуктивноста помеѓу странските и домашните фирми се поврзани со сопственоста, меѓутоа коригирани преку карактеристиките на фирмата и индустријата, некои резултати може да се разликуваат.

*Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир*

16. Josheski, D. and Apostolov, M. (2019). *Asymmetric auction mechanism vs bilateral trade inefficiency.* ***Second international scientific conference "Challenges of tourism and business logistics in 21st century, ISCTBL***, Stip.
 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23178

Во овој труд се тестирани асиметричните аукции со цел да се докаже дека теоремата Маерсон-Сатртвајт навистина се одржува кога аукцијата е трговски механизам. При асиметрични аукции понудувачите се од различни типови, т.е. следат различни типови на дистрибуција, постигнатата конвергенција е неефикасна. Така, во оваа анализа, авторите разгледуваат случај на двојни аукции.

*Учесник во научен проект*

17. Koteski, C., Dimitrov, N., Jakovlev, Z., Apostolov, M. and Atanasovski, D., Magdinceva Sopova, M., Temelkov, Z., Josheski, D., Miteva Kolevska, N., Serafimova, M., Namicev, P., and Mojsov, K. (2017) *Можности и перспективи за развој на туризмот во сливот на Црна Река.*, UGD, Stip
 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17878

(Проект на ФТБЛ финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на УГД, Одлука бр. од 29.1.2017 г. (Универзитетски сенат) и Одлука бр. 0206-151 / 16, 0201-545 / 9 и 0307 -98/77 од 1.11.2017 година) и Одлуката на Сенатот бр. 0201-922 / 30 од 21 ноември 2018 година).

*Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)*

18. Editorial Team of Business Administration and Management
 https://systems.enpress-publisher.com/index.php/BAM/about/editorialTeam
19. Editorial Team of Human Resources Management and Services
 https://systems.enpress-publisher.com/index.php/HRMS/about/editorialTeam

*Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал*

20. Член е на организацискиот одбор на Втора меѓународна научна конференција „Предизвици во туризмот и бизнис логистиката во 21 век" која се одржана 13 септември 2019 година во Штип.

*Студиски престој во странство*

21. Во академските 2016-2019 година е визитинг професор на Università degli Studi di Torino - Department of Management.
22. Во академската 2018/2019 година е визитинг професор на Università Ca' Foscari Venezia - Department of Management.

*Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати)*

23. California Management Review, ISSN: 0008-1256, Indexed in WoS, Scopus.
24. Economic Research, ISSN: 1848-9664, Indexed in WoS, Scopus.
25. Managerial and Decision Economics, ISSN: 1099-1468, Indexed in WoS, Scopus.
26. Applied Economics Letters, ISSN: 1466-4291, Indexed in WoS, Scopus.
27. Journal of Management Inquiry, ISSN: 1552-6542, Indexed in WoS, Scopus.
28. Chinese Management Studies, ISSN: 1750-614X, Indexed in WoS, Scopus.
29. Management Decision, ISSN: 0025-1747, Indexed in WoS, Scopus.
30. Baltic Journal of Management, ISSN: 1746-5265, Indexed in WoS, Scopus.
31. Measuring Business Excellence, ISSN: 1368-3047, Indexed in WoS, Scopus.
32. Sustainability Accounting, Management and Policy Journal, ISSN: 2040-8021, Indexed in WoS, Scopus.
33. European Planning Studies, ISSN: 1469-5944, Indexed in WoS, Scopus.
34. European Business Review, ISSN: 0955-534X, Indexed in WoS, Scopus.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Стручно-апликативната и организациско-развојна дејност на кандидатот д-р Мичо Апостолов во текот на повеќегодишната работа се состои во издавање на учебници и скрипти, предавања на стручни собири, научни проекти, како и организација и активно учество во органите на Универзитетот и Факултетот.

*Книга/учебник*

35. Apostolov, Mico (2019) *Менаџмент на синџир на снабдување - учебник.* Универзитет „Гоце Делчев» - Штип. ISBN 978-608-244-648-6
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23157

Ракописот е напишан на ниво кое е разбирливо за студентите по предметот Менаџмент на синџир на снабдување, но и за сите кои имаат потреба од дообразување од оваа област. Целта на овој труд е да овозможи запознавање со основните концепти и функционирање на менаџментот на синџир на снабдување.

36. Apostolov, Mico (2019) *Практикум за вежби - Менаџмент на синџир на снабдување.* Универзитет „Гоце Делчев» - Штип. ISBN 978-608-244-649-3.
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23156

Овој практикум ги зема предвид темите кои треба да бидат разработени на вежбите од предметот Менаџмент на синџирот на снабдување од студиските програми при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Целта на вежбите е интерактивно разработување на темите и прашањата кои се составен дел од овој практикум, со што студентите би имале можност да оформат свој став во однос на актуелните проблематики од областа на менаџментот на синџирот на снабдување.

37. Josheski, D., Apostolov, M. (2017) *Микроекономија и Макроекономија (избрани теми)-практикум (збирка задачи).* Универзитет „Гоце Делчев» - Штип. ISBN 978-608-244-369-0.
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17294

Овој практикум е соодветно поделен на тематски поглавја согласно со наставната програма по микроекономија и макроекономија со тоа што во практикумот има решени задачи од избраните поглавја. Материјалот е систематизиран за да ја покрие програмата по предметот Макро и микроекономија.

38. Josheski, D., Apostolov, M. (2017) *Микроекономија и Макроекономија (избрани теми).* Универзитет „Гоце Делчев» - Штип. ISBN 978-608-244-368-3. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17293

Познавањето на микроекономските фундаменти во голема мера подразбира еден напор да се запознаат агрегатните економски феномени условени од однесувањето на индивидуалните економски субјекти и нивните интеракции. Материјалот е систематизиран за да ја покрие програмата по предметот Макро и микроекономија и опфаќа теми од микроекономската и макроекономската анализа.

*Пленарно предавање на стручен собир*

Во рамките на својот престој во странство одржал повеќе предавања на стручни собири на универзитетите:

39. Università degli Studi di Torino - Department of Management - предавање на докторанди на Школата за докторски студии.
40. Università Ca' Foscari Venezia - Department of Management – предавања врзани за иновативниот потенцијал на фирмите при промена на бизнис моделот.

*Учесник во научен проект*

41. Magdinceva Sopova, M., Dimitrov, N., Apostolov, M., Filiposki, O., Shutarov, V., Ristova, C., Miceva, M., Kalenikov, A., Boshnakov, M., Minova Iceva, P., Georgiev, B. and Ardzanliev, T. (2019) *Стратегија за развој на туризмот во Општина Гевгелија (2019-2024).* Општина Гевгелија.

*Член на факултетски орган, комисија*

42. Во изборниот период, кандидатот д-р Мичо Апостолов е член на повеќе факултетски органи и комисии и тоа:

- Член на Наставно-научниот совет при ФТБЛ, УГД – Штип.
- Член на Катедрата за бизнис логистика при ФТБЛ, УГД – Штип.
- Член на Катедрата за бизнис администрација при ФТБЛ, УГД – Штип.
- Член е на Комисијата за упис на студенти на прв циклус, 2016/2017.
- Член е на Комисијата за упис на студенти на прв циклус, 2017/2018.
- Член е на организацискиот одбор на Втората меѓународна научна конференција „Предизвици во туризмот и бизнис логистиката во 21 век" која се одржана 13 септември 2019 година во Штип.
- Член е на Комисијата за самоевалуација на ФТБЛ.
- Член во Комисија за одбрана на магистерски труд на кандидатот Борка Петрушева (Одлука бр. 2102-117/7 од 14.3.2016 г.).
- Член во Комисија за одбрана на магистерски труд на кандидатот Зоран Чачоровски (Одлука бр. 2102-506/27 од 1.11.2017 г.).
- Член во Комисија за одбрана на магистерски труд на кандидатот Елена Делова (Одлука бр. 2102-353/38 од 20.9.2018 г.).
- Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економска теорија и менаџмент во администрацијата на ФТБЛ при УГД - Штип (Одлука бр. 2102-340/6 од 5.7.2017 г.).
- Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област претприемништво и економика на претпријатија на ФТБЛ при УГД - Штип (Одлука бр.2102-424/4 од 24.10.2018).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена и констатира дека единствен пријавен е кандидат вонреден професор д-р Мичо Апостолов.

Врз основа на анализата на приложените документи, како и врз основа на личното познавање, Рецензентската комисија е едногласна во оцената дека со целокупната своја досегашна работа д-р Мичо Апостолов има врвен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност и ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување.

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатот и е на мислење дека тој ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање редовен професор. Затоа, чест ни е на **Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип кандидатот д-р Мичо Апостолов да го избере во звањето редовен професор за наставно-научните области бизнис менаџмент (50603) и теорија на фирми, микроекономски принципи и иновации (50329) на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајко Мицески,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Круме Николоски,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Златко Јаковлев,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **40** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Монографија или научна книга<br><br>**Во земјава реф.** 12, 14<br><br>**Во странство реф.** 10,11, 13, 15 | 2 | 10 | 4 | 15 | 80 |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори)<br><br>**Прв автор реф.** 1, 4, 5, 6<br><br>**Втор автор реф.**<br><br>**Останати автори реф.** 2, 3 | 4x15=60<br><br>2x5=10 | | | | 70 |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор,<br>втор автор, останати автори)<br>**Прв автор реф.**<br><br>**Втор автор реф.** 7, 8<br><br>**Останати автори реф.** 9 | 2x6=12<br><br>1x3=3 | | | | 15 |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br><br>**реф.** 16 | 1 | 2 | | | 2 |
| **10.** | Одбранета докторска теза | | | 1 | 8 | 8 |
| **12.** | Одбранета магистерска теза | | | 1 | 4 | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **14.** | **Учесник во научен проект (максимум во три проекти)**<br><br>**во земјава реф.** 17 | 1 | 2 | | | 2 |
| **16.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 2 | 1 | | | 2 |
| **20.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | | | 1 |
| **23.** | Студиски престој во странство (еднократно) | 8 | | | | 8 |
| **24.** | Рецензент на научен труд<br><br>(СЦИ/ЦА/останати) реф. 23-34 | | | 12 | 2 | 24 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **216** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1.** | **Книга/учебник**<br><br>**Во земјата реф.** 35 | 1 | 10 | | | 10 |
| **7.** | Пленарно предавање на стручен собир | | | 2 | 4 | 8 |
| **13.** | **Учесник во научен проект**<br><br>(максимум во три проекти)<br><br>**во земјава реф.** 41 | 1 | 5 | | | 5 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија | 12 | 2 | | | 24 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **47** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **303** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - КЛАРИНЕТ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402/51/9 од 24.2.2021 година донесена на 74. седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 24.2.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област видови на инструменти – кларинет 1 извршител на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

– **м-р Иван Кочаров**, редовен професор во пензија од наставно-научната област видови на инструменти - кларинет, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претседател;
– **м-р Стојан Димов**, редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти - кларинет, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член;
– **м-р Златка Митева**, редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти - флејта, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 4.2.2021 година и во предвидениот рок се пријави:

– д-р Бранко Павловски, вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Бранко Павловски** е роден во 1976 година во Крива Паланка, Р. Македонија. Кларинет почнува да учи во класата на проф. Љупчо Тренчевски во Нижото музичко училиште во Крива Паланка. Своето средно музичко образование од 1991 до 1994 година го продолжува во Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски - Луј“ во Скопје во класата на проф. м-р Иван Кочаров. Во исто време завршува паралелно и природно-математичка гимназија. Во 1998 година дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје на одделот Кларинет во класата на проф. м-р Иван Кочаров со оценка 10.00 cum laude и просек на положени испити 9.95. Во 1998 година добива стипендија од Факултетот за музичка уметност во соработка со Интернационалната летна школа по музика во Дартингтон, Англија, да учествува на семинар по кларинет кај проф. Данкан Прескот. Во 1998 година ја освојува наградата „26 јули“ од фондот на Франк Харкорд Манинг од Лондон за најдобар студент на Факултетот за музичка уметност во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во текот на учебната година 1997/1998 година. Истата година, по повод 8 Октомври - Денот на ослободување на Крива Паланка, од страна на Советот на градот му е доделена наградата „8 Октомври“ за постигнати значајни активности и резултати од областа на музичката уметност. Во 1999 година, по повод 50-годишниот јубилеј на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје му е доделена пофалница во знак на признание за постигнат најдобар успех во студирањето на универзитетот во учебната 1997/1998 година.

Бранко Павловски во 1999 година магистрира на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Бугарија во класата на проф. Петко Радев (солист на оркестарот на Миланската скала). Во 2000 завршува постдипломски студии на Академијата за музички уметности во Прага, Чешка, во класите на проф. Јиржи Хлавач и проф. Штјепан Коутњик. Во 2001 г. посетува курс за офицери во службите на АРМ на Воената академија

во Скопје и се стекнува чин офицер на музичка служба. Во 2001 година учествува на Интернационалната летна школа и фестивал за музика во Дартингтон, Англија, каде што посетува семинари по кларинет кај Алан Хакер, Дејвид Кембел, Мајкл Увајт, како и камерна музика кај Џулијан Бејкер. Во 2002 година е на семинар по кларинет кај Јоханес Пајц, во рамките на фестивалот „Денови на музиката“ во Емсбурен, Германија. Во 2003 година магистрира кларинет и на Факултетот за музичка уметност на УКИМ во Скопје, во класата на проф. м-р Иван Кочаров со просек на положени испити 9.00. Бранко Павловски во 2004 година се усовршува за интерпретација на современа музика за кларинет кај проф. Доминик Видал на „Националниот конзерваториум за музика“ во Аврej, Париз, и 2005 година на „Националниот конзерваториум за музика“ во Версај, Франција, во класата на светски познатиот кларинетист проф. Филип Купер (солист на оркестарот на Париската опера).

Во 2007 година, Бранко Павловски добива целосна стипендија за докторски студии на Државниот универзитет во Лузијана на Факултет за музичка уметност. Во 2008 година ја добива Музичката награда на Луизијана. Бранко Павловски докторира во 2011 година и се стекнува со титула доктор на музички уметности.

Во текот на своето образование Бранко Павловски учествува на мајсторски класови кај еминентни кларинетисти како: Ги Данген, Вилијам Блејни, Властимил Мареш, Волтер Сејфарт, Ричард Мекдауел, Луиза Лудевиг-Вердер, Кенет Лонг, Чед Буроу, Карл Лајстер, Јулиа Хајнен.

Во 2011 година д-р Бранко Павловски од страна Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е избран во насловно звање доцент по предметот Кларинет, а во 2016 година во насловно звање вонреден професор. Во 2019 година Бранко Павловски е избран во вонреден професор по кларинет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Како солист и камерен музичар Бранко Павловски настапува во САД, Франција, Англија, Германија, Чешка, Полска, Унгарија, Италија, Бугарија, Грција, Хрватска, Србија и Македонија. Бранко Павловски настапува на повеќе фестивали во земјава и во странство, како што се: ЛСУ Фестивалот за современа музика во Батон Руж, MusiPoeSci во Париз, Интернационалниот музички фестивал во Дартингтон, Охридско лето, Скопско лето, ИнтерВокс, Златна лира, МодоАрс, Денови на македонската музика, Штипско лето, Манифестацијата по повод Денот на словенските просветители св. Кирил и Методиј во Рим, потоа преку програмите на КИЦ, Музичка младина на Македонија и други.

Бранко Павловски работел во Воениот оркестар на АРМ, Батон Руж Симфонискиот оркестар, а исто така соработувал со Акадиана симфонискиот оркестар, Опера Луизијана, Прага Моцарт оркестарот, Ансамблот за современа музика на Националнот конзерваториумот во Версај, ЛСУ Симфонискиот оркестар, ЛСУ Дувачкиот ансамбл, Македонската филхармонија, Скопски солисти, ФЕИМС оркестарот и др. Бранко Павловски како оркестарски музичар настапувал под диригентската палка на многу познати диригенти како што се: Тимоти Мафит, Карлос Риазуело, Петер Рубарт, Џејмс Андерсон, Мурej Сидлин, Франк Викс, Џери Џенкинс, Ричард Хансен, Доналд МекКини, Бил Конти и др.

Бранко Павловски бил член на повеќе камерни состави: Скопскиот дувачки квинтет, потоа дувачките квинтети „Арт“ и „Нова“, Трио Академико, Академското дувачкото трио, ЛСУ Кларинет квинтетот, ЛСУ Камерениот ансамбл и др. Павловски како промотор на современата музика има премиерно изведено повеќе нови дела за кларинет.

Бранко Павлвоски ја добива наградата Златна лира за врвни уметнички достигнувања за 2019 година од Сојузот на музички уметници на Македонија. Тој исто така учествува на повеќе државни и меѓународни натпревари каде што ги освојува следниве награди: Прва награда на МТНА натпреварот по камерна музика во Лафајет, Луизијана, САД во 2007 година, Трета награда на МТНА натпреварот по камерна музика во Остин, Тексас, САД во 2008 година, Прва награда во 4. категорија во 1997 година во Битола, Прва награда во 3. категорија во 1994 година во Скопје, Втора награда во 2. категорија на Сојузниот натпревар во Херцег Нови во 1991 година, Трета награда во 1. категорија во 1988 година на Сојузниот натпревар во Љубљана, Прва награда во 1. категорија во 1998 година – Битола.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

1. Вонреден професор од научната област во која се избира.

– Кандидатот д-р Бранко Павловски е избран за наставник во звањето насловен вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област: видови на инструменти – кларинет на 4.5.2016 година од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На 6.11.2019 година д-р Бранко Павловски е избран за наставник во звањето вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област видови на инструменти – кларинет.

– Кандидатот д-р Бранко Павловски на Конкурсот има приложено оригинални дипломи, уверенија за положени испити и фотокопии заверени на нотар, и тоа:

Диплома за завршени докторски студии со што се стекнува со право на стручен назив доктор на музички уметности;

Диплома за завршени магистерски студии по интерпретација на кларинет со што се стекнува со право на стручен назив магистер по кларинет;

Диплома за завршени додипломски студии со што се стекнува со право на стручен назив дипломиран кларинетист.

Кандидатот д-р Павловски исто така има приложено решение за нострифицирана диплома дополнета со еквиваленција на оценките издадени од МОН на РМ.

– Кандидатот д-р Бранко Павлвоски има успех од 9,95 како просечна вредност на студиите на прв циклус и успех од 9,00 како просечна вредност на студиите на втор циклус.

2. Изведба на осум целовечерни концерти

– Кандидатот вонреден професор д-р Бранко Павловски има приложено концертни програми за изведба на 26 концерти (во земјава и во странство) и 4 групни настапи на концерти во траење до 30 минути. Концертите се реализирани во последните пет години во периодот од мај 2016 до мај 2021 година и сите се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД. Од нив ги издвојуваме:

| **Бр.** | **Изведувач** | **Вид на концерт** | **Наслов на концертот** | **Година на изведба на концертот** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Бранко Павловски Емилија Потевска | Целовечерен солистички концерт | Вечер со музика од македонски композитори во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“, Штип | 13.10.2020 |
| **2** | Бранко Павловски Наташа Трбојевиќ | Целовечерен солистички концерт | Рецитал за кларинет и пијано со дела од романтизмот, ДМУ „Тодор Скаловски“, Тетово | 23.12.2019 |
| **3** | Бранко Павловски Наташа Трбојевиќ | Целовечерен солистички концерт | Рецитал за кларинет и пијано со дела од романтизмот, Музичка академија, Штип | 13.12.2019 |
| **4** | Бранко Павловски Емилија Потевска | Целовечерен солистички концерт | Рецитал за кларинет и пијано, Факултетот за музичка Уметност, Скопје | 21.12.2018 |
| **5** | Бранко Павловски Златка Митева Наташа Трбојевиќ | Целовечерен камерен концерт | Концерт на Трио Академико, Музичка академија „Франц Лист“, Пеќ, Унгарија | 9.11.2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6** | Бранко Павловски<br>Златка Митева<br>Наташа Трбојевиќ | Целовечерен камерен концерт | Концерт на Трио Академико, Музичка академија, Нови Сад, Србија | 12.5.2017 |
| **7** | Бранко Павловски<br>Златка Митева<br>Наташа Трбојевиќ | Целовечерен камерен концерт | Концерт на Трио Академико, Фестивалот „Интервокс“, Осиек, Хрватска | 11.5.2017 |
| **8** | Бранко Павловски<br>Емилија Потевска | Целовечерен солистички концерт | „Џез импресии“ за кларинет и пијано, Музеј „Б. Христов“, Софија, Бугарија | 18.10.2016 |
| **9** | Бранко Павловски<br>Лејла Јакубовиќ<br>Емилија Потевска | Целовечерен солистички концерт | Сонатна вечер за кларинет и пијано, Музичка академија, Штип | 26.12.2016 |
| **10** | Бранко Павловски<br>Вилијам Харнд<br>Емилија Потевска | Целовечерен солистички концерт | „Where jazz meets classical“ на фестивалот Скопско лето во Даут Пашин амам, Скопје | 15.7.2016 |

3. Под негово менторство се изработени дипломски или магистерски трудови од областа на стручно-уметничките предмети
– Под менторство на вонреден професор д-р Бранко Павловски се изработени 9 дипломски испити и во моментот тој е ментор на 1 студент на магистерски студии;
4. Способност за изведување на високообразовна дејност
– Вонреден професор д-р Бранко Павловски покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност; успешно изведува настава на додипломските и магистерските студии на Вокално-инструменталниот оддел при Музичката академија во Штип по предметот Кларинет и оркестарски делници.
5. Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници
– Вонреден професор д-р Бранко Павловски има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници; дипломираните кларинетисти и музичари изведувачи од класата по кларинет на вонреден професор д-р Павловски веќе работат како наставници по кларинет во музичките училишта и кларинетисти во оркестрите во РМ.
6. Има издаден универзитетски учебник или стручна книга или монографија или ЦД
– Вонреден професор д-р Бранко Павловски има издадено авторско ЦД (Џез импресии) со пијанистката Емилија Потевска-Попивода.
7. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветни единици на Универзитетот
– Вонреден професор д-р Бранко Павловски има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите на кои им предава реализирани на соодветните единици на Универзитетот;
8. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.
– Вон. проф. д-р Павловски има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=109; (САОР)=23 или вкупно 172 поени.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот д-р Бранко Павловски е избран за наставник во звањето вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област видови на инструменти – кларинет на 6.11.2019 година од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Претходно д-р Бранко Павловски е избран за наставник во звањето насловен вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област видови на инструменти – кларинет на 4.5.2016 година.

Д-р Бранко Павловски е избран за наставник во звање насловен доцент на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област видови на инструменти – кларинет на 18.8.2011 година.

Во периодот од 2007 година до 2011 година, м-р Бранко Павловски е вработен како асистент по предметите Кларинет и оркестарски делници, кларинет и бас кларинет на Факултетот за музичка уметност на Државниот универзитет во Лузијана, САД.

Од 2002 до 2003 година м-р Павловски бил вработен како хонорарен наставник по предметот Кларинет во Музичкиот балетски училиштен центар „Илија Николовски - Луј“ во Скопје.

Вонреден професор д-р Бранко Павловски е автор на позитивно рецензирана скрипта по предметот Кларинет за потребите на Универзиетот „Гоце Делчев“ во Штип со наслов „Секојдневни вежби за кларинет“. Исто така, Павловски е автор е на интерна скрипта за предавање за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ по предметот Кларинет со оркестарски делници. Под менторство на вонреден професор д-р Бранко Павловски се изработени 9 дипломски испити и во моментот тој е ментор на 1 студент на магистерски студии. Павловски од 2014 година предава на втор циклус постдипломски студии по предметите Кларинет и напредни оркестарски делници.

Во периодот од 2016 до 2021 г., студентите од класата по кларинет на вонреден професор д-р Бранко Павловски одржаа 6 целовечерни групни и солистички концерти наведени подолу:

22.5.2019 Концерти на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Велес.

21.5.2019 Концерти на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип.

20.5.2019 Концерти на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Кочани.

20.12.2018 Новогодишен концерт на студентите од Катедрата за дувачки инструменти (Флејта, кларинет и камерна музика).

25.12.2017 Новогодишен концерт на студентите од Катедрата за дувачки инструменти (Флејта, кларинет и камерна музика).

20.12.2016 Новогодишен концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел од Музичката академија при УГД Штип во концертната сала на Музичка академија во Штип.

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**

Од доставената документација, Бранко Павловски во периодот на последните 5 години од 2016 до 2021 г., во признаени домашни и странски концертни сали има вкупно 26 целовечерни концерти од кои 20 целовечерни концерти во земјава, 6 целовечерни концерти во странство, 4 концертни настапи до 30 минути, 6 концерти на студентите од класата на проф. д-р Бранко Павловски. Целовечерните концерти се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 и број 8 за вкупен број поени од овие концерти):

***Целовечерен концерт***

***Во земјава:***

15.10.2020 - **Солистички рецитал** на Бранко Павловски - кларинет и Емилија Потевска-Попивода - пијано во НУ Музеј на Неготино.

13.10.2020 - **Солистички рецитал** на Бранко Павловски - кларинет и Емилија Потевска-Попивода - пијано во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип.

23.12.2019 - **Солистички рецитал** на Бранко Павловски - кларинет, Наташа Трбојевиќ - пијано во ДМУ „Т. Скаловски-Тетоец“, Тетово.

12.12.2019 - **Солистички рецитал** на Бранко Павловски - кларинет, Наташа Трбојевиќ - пијано на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.

6.12.2019 - Настап на Концертот на 3. Меѓународен фестивал за кларинет и саксофон СаксКлар 2019 во Салон 19.19, Скопје.

7.11.2019 - Хуманитарен концерт „Со срце за Симона“, настап на дуо Б. Павловски - кларинет и Н. Трбојевиќ - пијано и настап на Трио Академико во Мултимедијален центар, Штип.

21.12.2018 - **Солистички рецитал** на Бранко Павловски - кларинет и Емилија Потевска-Попивода - пијано на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

17.12.2018 - **Солистички рецитал** на Бранко Павловски - кларинет и Емилија Потевска-Попивода - пијано на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.

12.5.2018 - **Концерт на камерна музика** на Трио Академико: Бранко Павловски -кларинет, Златка Митев - флејта и Наташа Трбојевиќ - пијано на манифестацијата „ЕУ за ТЕБЕ“ по повод прославата на Денот на Европа во Штип.

25.11.2017 - **Солистички рецитал** на Дуо Бранко Павловски - кларинет и Емилија Потевска Попивода - пијано во Фоајето на Македонската опера и балет, МНТ, Скопје.

23.10.2017 - **Солистички рецитал** на Бранко Павловски - кларинет и Милица Шкариќ - пијано на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.

20.9.2017 - **Концерт на камерна музика** на Скопскиот дувачки квинтет на платото на црковниот храм „Св. Богородица“, Скопје.

19.4.2017 - **Концерт на камерна музика** на Скопскиот дувачки квинтет на литературната манифестација „Илинден“, Дом на култура, Општина Илинден.

11.4.2017 - **Едукативен концерт на камерна музика** на Скопскиот дувачки квинтет во ОУ „Димитар Миладинов“, Скопје.

7.4.2017 - **Едукативен концерт на камерна музика** на Скопскиот дувачки квинтет во ОУ „Кирил и Методиј“, Скопје.

4.4.2017 - **Едукативен концерт на камерна музика** на Скопскиот дувачки квинтет во ОУ „11 Октомври“, Скопје.

26.12.2016 - **Солистички рецитал** на Дуо Павловски-Потевска, концерт гост Лејла Јакубовиќ – Турција на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.

7.12.2016 - Настап на Трио Академико на Концертот по повод 135 години од раѓањето на Бела Барток на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.

14.11.2016Настап на Трио Академико на Концертот по повод 135 години од раѓањето на Бела Барток на фестивалот Есенски музички свечености, Музеј на Град Скопје.

31.10.2016 - **Солистички концерт** на Бранко Павловски - соло кларинет во ДМБУЦ „И. Николовски-Луј“, Скопје.

28.10.2016 - **Солистички концерт** на Бранко Павловски - соло кларинет во СМУ „Т. Скаловски-Тетоец“, Тетово.

26.10.2016 - **Солистички концерт** на Бранко Павловски - соло кларинет во ОМБУ „Лазо Мицев – Рале“, Кавадарци.

27.7.2016 - **Концерт на камерна музика** на Скопски дувачки квинтет во НУ Центар за култура „Ацо Караманов“, Радовиш.

15.7.2016 - **Солистички рецитал** на Дуо Бранко Павловски, кларинет - Емилија Потевска, пијано, концерт гост Вилијам Харнд, пијано, САД на Скопско лето 2016 во НГ Даут Пашин амам, Скопје.

***Во странство:***

9.11.2017 - **Концерт на камерна музика** на Трио Академико во концертната сала на Музичката академија во Пеќ, Унгарија.

12.5.2017 - **Концерт на камерна музика** на Трио Академико концертната сала на Музичката академија во Нови Сад, Србија.

11.5.2017 - **Концерт на камерна музика** на Трио Академико на фестивалот Интервокс 2017 во Осиек, Хрватска.

18.10.2016 - **Солистички рецитал** на Дуо Павловски-Потевска во Музеј „Борис Христов“ во Софија, Р. Бугарија.

27.6.2016 **- Концерт на камерна музика** на Трио Академико на Уметничката академија во Осиек, Хрватска.

26.5.2016 - **Концерт на камерна музика** на Трио Академико во Средната музичка школа „Даворин Јенко“ во Белград, Србија.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

1. Во 2019 година вонреден професор д-р Бранко Павловски одржа семинар и настапи на Концертот на 3. Меѓународен фестивал за кларинет и саксофон СаксКлар 2019 во Салон 19.19, Скопје.
2. Во 2016 година Дуото Бранко Павловски - кларинет и Емилија Потевска-Попивода - пијано го издадоа своето авторско ЦД (Џез импресии).
3. Вонреден професор д-р Бранко Павловски од 2019 година е редовен член на ННС на Музичката академија, редовен член на комисиите на Музичката академија во Штип за приемни испити и завршни испити по предметите флејта, обоа, кларинет, труба, хорна. Павловски редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Катедрата за дувачки инструменти по предметот Кларинет при Музичката академија, согласно со промените на ЕКТС од основањето на Универзитетот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената документација и материјали, Комисијата констатира дека пријавениот кандидат д-р Бранко Павловски ги исполнува сите предвидени услови за избор за наставник во звање редовен професор за наставно-научната област видови на инструменти - кларинет на Музичката академија, наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот д-р Бранко Павловски преку досегашните активности покажува особени способности за наставно-образовна дејност и забележан континуиран професионален развој со значајни резултати во неговата наставно-научна област. Реализираните бројни солистички рецитали, камерни концерти и настапи укажуваат дека се работи за изграден уметник и стручен кандидат кој постојано придонесува за афирмација на музичката култура и уметност во земјава и во странство. Неговата стручно-уметничка активност и научноистражувачка дејност со честите претставувања во странство се дополнителна потврда за неговиот квалитет. Комисијата е едногласна во заклучокот дека кандидатот д-р Бранко Павловски со својата досегашна работа има значителен придонес во наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност и ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување. Имајќи го предвид претходно наведеното во овој извештај, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот и уметнички совет да го усвои нашиот предлог и да го избере кандидатот д-р Бранко Павловски во наставно-научното звање редовен професор за наставно-научната област видови на инструменти - кларинет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Иван Кочаров**, редовен професор, претседател, с.р.
Факултет за музичка уметност, УКИМ, Скопје
**М-р Стојан Димов**, редовен професор, член, с.р.
Факултет за музичка уметност, УКИМ, Скопје
**М-р Златка Митева**, редовен професор, член, с.р.
Музичка академија, УГД, Штип

### ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р.бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба: 19 целовечерни концерти (20 концерти во земјава и 6 концерти во странство) | 20x3 | 60 | 6x6 | 36 | 96 |
| **8.** | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт: 4 музички настапи во траење до 20 минути | 4x2 | 8 | | | 8 |
| **21.** | Награди - признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди: Награда „Златна лира“ 2019 од Сојузот на музички уметници на Македнија | 1x5 | 5 | | | 5 |
| | **ВКУПНО** | | 73 | | 36 | **109** |

| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Издаден аудио компакт диск ЦД | 1x6 | 6 | | | **6** |
| **8.** | Одржан семинар, Интернационален фестивал СаксКлар 2019, Скопје | 1x3 | 3 | | | **3** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (шеф на Катедрата за дувачки инструменти, комисија за приемни испити по флејта, обоа, кларинет, комисии за завршни испити по кларинет, флејта, обоа, камерна музика на ВИ оддел) | 7x2 | 14 | | | **14** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **23** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **172** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-36/4 од 1.02.2021 година донесена на својата 252. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 1.02.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент– насловен вонреден професор за наставно-научната област клиничка биохемија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- **Проф. д-р Слобода Џекова-Стојкова**, редовен професор во пензија за наставно-научната област клиничка биохемија – претседател;
- **Проф. д-р Петраки Корнети**, редовен професор во пензија за наставно-научната област клиничка биохемија – член;
- **Проф д-р Билјана Ѓоргевска**, редовен професор, наставно-научната област аналитика на лекови и аналитичка хемија, вработен на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 24.12.2020 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот: **вонреден професор д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска,** ангажирана на Факултет за медицински науки при Универзитетт „Гоце Делчев“ во Штип, за наставно-научна област клиничка биохемија, вработена на ЈЗУ Институт за Клиничка биохемија Скопје.

Врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатката д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го поднесе следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска, е родена на 03.10.1968 година во Скопје. Основно образование завршува во основното училиште “Јохан Ханрих Песталоци”- Скопје. Средното насочено образование го започнува во гимназијата Орце Николов насока биологија-хемија, и поради природата на насоченото образование своето школување го продолжува во гимназијата Никола Карев – биотехнолошка насока - Скопје. По завршувањето на средното училиште 1986 год. се запишува на Природно-математичкиот факултет на групата Биологија насока биохемиско – физиолошка. Со одбрана на дипломската работа во 1990 год. се стекнува со звање **дипломиран биолог со насока биохемиско - физиолошка.**

Во 1991 година започнува со волонтерски стаж во лабораторијата на Клиниката за неврологија и психијатрија. Првото решение за заснован работен однос го добива на Институтот за Клиничка биохемија во 1996 година.

Поради желбата да проникне посуштествено и посуптилно во областа на биохемијата во октомври 1996 год. се запишува на постдипломските студии на Природно-математичкиот факултет на група биологија со насока биохемиско - физиолошка.

По завршувањето на обврските од студиската програма, таа магистрира во септември 1999 година, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Значењето на ангиотензин конвертинг ензим (АСЕ) во диференцијална дијагностика на белодробни заболувања’’ под менторство на проф. д-р Билјана Поленаковиќ изработен на ЈЗУ УК за Клиничка биохемија - Скопје, и се стекнува со звање **магистер по биолошки науки од областа на клиничка биохемија.**

Од 1.11.1999 година е поставена на работно место раководител на Отсек за витамини и хормонален статус при хипертензија при ЈЗУ УК за Клиничка биохемија – Скопје.

Со одбрана на докторската дисертација на тема „Влијанието на метадонот врз катехоламинските метаболити кај хронични зависници во Република Македонија'', под менторство на проф. д-р Ицко Ѓоргоски изработена во ЈЗУ УК за Клиничка биохемија, во јуни 2010 година таа се стекнува со титулата **доктор по биолошки науки од областа на клиничка биохемија.**

Потоа, како доктор на науки од областа на клиничката биохемија, од април 2011 година до денес е **раководител на Оддел за глуциден статус** при ЈЗУ УК за Клиничка биохемија при Клинички центар во Скопје.

Во јуни 2011 година д-р Јаниќевиќ Ивановска за првпат е избрана во звање **насловен доцент** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип од областа на клиничка биохемија.

Во 2016 година, е избрана во звање **вонреден професор** за наставнонаучната област клиничка биохемија.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор:**

1. Вонреден професор од научната област во која се избира.

Со Одлука бр. 2002-41/7, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, УГД - Штип на својата 155. седница одржана на 15.01.2016 година ја избира д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска за наставник во звањето вонреден професор за наставно-научната област клиничка биохемија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации

Во изборниот период од 5 години, кандидатката има објавено научни трудови во меѓународни научни списанија

| Бр. | Автори | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Spasovska Trajanovska, Aneta and Janikevik Ivanovska, Danijela and Mitic, Zora | Depression and diabetes. | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38 (4). pp. 837-841. ISSN 2545-4439. (2020) Издание 38 (4). | 8 години (од 2012) |
| 2. | Subeska Stratrova, Slavica and Janikevik Ivanovska, Danijela and Velikj Stefanovska, Vesna | Lipid profile changes relations to body fat distribution changes determined with dual-energy x-ray absorptiometry during the weight loss. | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 35 (4). pp. 1221-1226. ISSN 2545-4439. (2019) Издание 35 (4). | 8 години (од 2012) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Subeska Stratrova, Slavica and Kostovska Srbinovska, Elizabeta and Janikevik Ivanovska, Danijela and Velikj Stefanovska, Vesna | Body fat distribution changes during weight loss determined by dual-energy x-ray absorptiometric android/gynoid ratios indexes of abdominal obesity. | Journal of Macedonian asociation of Phisiologists of Anhtropologigts, 13 (2). pp. 9-19. (2019)<br><br>Издание 13 (2). | 14 години<br><br>(од 2006) |
| **4.** | Shubeska Stratrova, Slavica and Janikevik Ivanovska, Danijela | Estimated central obesity index – worthwhile screening test procedure of abdominal obesity. | Knowledge – International Journal, 34 (4). pp. 903-909. ISSN 2545-4439 (2019)<br><br>Издание 34 (4). | 8 години (од 2012) |
| **5.** | Pereska, Zanina and Janikevik Ivanovska, Danijela and Bekjarovski, Niko and Simonovska, Natasha and Babulovska, Aleksandra | Acute venlafaxine overdose with positive urine immunoassay for tramadol – clinical and diagnostic overlap - case report and literature overview. | International Journal Knowledge, 31 (4). pp. 1027-1031. ISSN 1857-923X. (2019)<br><br>Издание 31 (4). | 8 години (од 2012) |
| **6.** | Shubeska Stratrova, Slavica and Janikevik Ivanovska, Danijela | Body fat distribution and lipid profile changes after weight loss – a case report. | International Journal Knowledge, 31 (4). pp. 1071-1076. ISSN 1857-923X. (2019)<br><br>Издание 31 (4). | 8 години (од 2012) |
| **7.** | Spasovska Trajanovska, Aneta and Janikevik Ivanovska, Danijela | Plasma cortisol levels in heroin addicts. | International Journal Knowledge, 34. (4). pp. 733-737. ISSN 1857-923X (2019)<br><br>Издание 34. (4). | 8 години (од 2012) |
| **8.** | Bliznakovska Stanchev Dragica, Janikevik Ivanovska Danijela, Trajkov Dejan, Hristomanova Mitkovska Slavica, Kirijas Meri, Efinska Mladenovska Olivija, Sibinovska Olgica, Petlichkovski Aleksandar | A case of a ten-year old girl with dominantly inherited Familial Mediterranean fever in Republic of Macedonia. | Macedonian pharmaceutical bulletin, 61 (2) (2). pp. 19-23. ISSN 1409 – 8695. (2015)<br><br>Издание 61 (2). | 19 години<br><br>(од 2001) |

| Бр. | Автори | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| **9.** | Paneva, Tanja and Janikevik Ivanovska, Danijela | "Детекција и застапеност на инфекции со Helicobacter pylori во адолесцентна возраст". | Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип. ISSN 1857-5994 (2018) | 10 години<br>(од 2010) |

**I. Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Првиот избор на проф. д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска во звањето **насловен доцент** на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип бил во 2011 година. Рефератот за избор е објавен во Универзитетски билтен бр. 61а од 01.06.2011 година. Наставно-научниот совет на својата 50-та седница одржана на ден 20.06.2016 година д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска ја избира за насловен доцент.

Рефератот за избор во звањето **вонреден професор** за наставно-научната област клиничка биохемија на проф. д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска е објавен во Универзитетски билтен бр. 161 од 30.12.2015 година. Наставно-научниот совет на својата 155-та седница одржана на ден 15.01.2016 година д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска ја избира за вонреден професор.

Проф. д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска учествува во спроведувањето на наставата на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. На првиот циклус на студии, била ангажирана за студиските програми по: Општа медицина, Дентална медицина, Фармација, со следните предмети: Клиничка биохемија, Орална биохемија, Основи на биохемија, Општа биохемија. Активно учествува во изведба на наставата и на тригодишните стручни студии на сите студиски програми: Стручни медицински сестри, Медицински лаборанти, Забен техничар-протетичар, Оптометрија и очна оптика, Физиотерапевти и Акушерки со следните предмети: Заштита при работа во лабораторија, Организација на лабораториска служба со лабораториска документација, Броматологија, Орална биохемија, Биохемија, Клиничка биохемја.

Од самиот почеток од нејзиниот избор дава допринос во изведување на наставата на специјалистичките стручни студии за лаборанти специјализирани за работа во хемиско-биохемиска лабораторија со предметите: Клиничка биохемија – одбрани поглавја, Клиничко – токсиколошки анализи, Ензимолошки анализи, Ендокринолошки анализи.

Д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска, исто така, активно учествува во теоретскиот наставен дел на вториот циклус студии во рамките на специјализација по специјалноста медицинска биохемија, започнувајќи од 2013 година.

За потребите на наставата по предметот Клиничка биохемија насловен доцент д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска има издадено рецензирана скрипта со наслов **„Клиничка биохемија"**– CIP 577.1.61(035) ISBN 978 – 608 – 244 -262 - 4 и рецензиран практикум со наслов **„Практикум по клиничка биохемија"** CIP 616 – 074 (035) ISBN 978 – 608 – 244 – 263 – 1 кои се достапни во електронска форма во е-библиотеката и депонирани на репозиториум (http://eprints.ugd.edu.mk/) на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. По јавување на потреба за совладување на програмата на Клиничка биохемија за лаборанти д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска издава рецензиран учебник со наслов **"Одбрани поглавја на Клиничка биохемија за лаборанти"** DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082447667, https://e-lib.ugd.edu.mk/958. ISBN 978-608-244-766-7.( одлука бр. 2002-195/6 од 12.11.2020).

Во рамките на првиот циклус студии на тригодишните стручни студии за медицински лаборанти, нас. доц. д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска била ментор на девет кандидати за завршен испит, а како член била учесник во две комисии за јавна одбрана на завршни испити на истата студиска програма.

Исто така, во рамките на вториот циклус специјалистички стручни студии насловен доцент д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска е ментор на седум специјалистички стручни трудови од областа на клиничката биохемија.

Во изборниот период таа учествува активно во реализација на наставниот план од прв циклус на стручните студии медицински лаборанти со предметите: Клиничка биохемија, Клиничка биохемија 1, Клиничка биохемија 2, Вовед во лабораториска работа, Лабораториски техники и инструментални анализи, Лабораториски анализи за метаболни нарушувања, Имунолошки лабораториски техники.

Во текот на наставниот стаж/изборниот период таа има менторирано: пет студенти за завршен испит/дипломски труд, три студенти од втор циклус на стручните студии за лаборанти специјализирани за работа во хемиско-биохемиска лабораторија како и член во испитни комисии и член во три јавни одбрани.

Во изборниот период таа учествува активно во реализација на наставниот план од втор циклус на стручните студии за лаборанти специјализирани за работа во хемиско-биохемиска лабораторија со предметот Ендокринолошки анализи.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Резултат на големата научноистражувачка работа на д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска се голем број на објавени научни трудови во меѓународни списанија. Учествувала на повеќе домашни и интернационални научни конференции, како со усни излагања, така и со постер-презентации. Повеќето од презентираните трудови биле објавени како трудови во списанија или во зборниците на трудови од конференцијата. Сите нејзини објавени научни трудови се достапни во електронска форма на е-репозиториумот на УГД Штип.

При изборот за насловен доцент д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска приложила поголем број трудови кои се објавени во рефератот објавен во Универзитетски билтен бр 61а од 2011 година (објавен на 1.6.2011 година).

За изборот во звањето **вонреден професор** д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска се јави на Конкурсот со севкупно со еден труд публикуван во меѓународно списание со фактор на влијание, осум труда публикувани во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации со меѓународен уредувачки одбор, петнаесет трудови со оригинални резултати публикувани во Зборник на трудови од меѓународни научни собири, како и присаство на голем број научни собири и три стручни труда. Сите трудови имаат достапност на линкот до Репозиториумот на Универзитетот „ГоцеДелчев“ во Штип http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Janikevik_Ivanovska=3ADanijela=3A=3A.html. За избор за вонреден професор д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска има издадено рецензирана скрипта со наслов **„Клиничка биохемија**“– CIP 577.1.61(035) ISBN 978 – 608 – 244 -262 - 4 и рецензиран практикум со наслов **„Практикум по клиничка биохемија”** CIP 616 – 074 (035) ISBN 978 – 608 – 244 – 263 – 1 кои се достапни во електронска форма во е-библиотеката и депонирани на репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Сите трудови се реферирани во рецензијата објавена во Универзитетски билтен бр. 161 од декември 2015 година Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

Во периодот од јуни 2015 година, вонр. проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска има објавено статии во меѓународно научни списанија од областа на клиничката биохемија. Сите објавени трудови се одликуваат со оригиналност и се изработени на Универзитетската клиника за клиничка биохемија со оригинални китови, на врвна автоматизирана апаратура која е ширум употребувана во светот. Сите објавени трудови се придружени со линкот до Репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. (http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Janikevik_Ivanovska=3ADanijela=3A=3A.html).

**Трудови публикувани во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикаци**

1. Spasovska Trajanovska Aneta, Janikevik Ivanovska Danijela, Mitic Zora, (2020) *“Depression and diabetes”* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38 (4). pp. 837-841. ISSN 2545-4439. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26782.

Авторите во статијата го истакнуваат влијанието на Diabetes mellitus кај пациенти кои се наоѓаат во депресивна состојба. Резултатите добиени од оваа студија покажуваат покачена концентрација на глукоза во крв кај пациенти со депресија, но третманот со Сетралин го намалува покаченото ниво на глукоза во крвта.Тие ја потенцираат важноста на скринингот на ваквата состојба, бидејќи пациентите со покаченото ниво на глукоза треба да бидат поинаку третирани во однос на пациентите во депресија со нормална концентрација на глукоза во крвта. Психијатриските интервенции како (психотерапија, социјална подршка) и сертралин, може да го превенира експоненцијалното покачување на глукоза во крвта и појавата на Diabetes mellitus кај овие пациенти.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

2. Subeska Stratrova Slavica, Janikevik Ivanovska Danijela, Velikj Stefanovska Vesna (2019) "*Lipid profile changes relations to body fat distribution changes determined with dual-energy x-ray absorptiometry during the weight loss*." Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 35 (4). pp. 1221-1226. ISSN 2545-4439 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26783.

Авторите укажуваат на важноста на соодносот андроидна масна маса / масна маса на нозе. Исто така, ја потенцираат и важноста на намалување на абдоминалната гојазност и равномерната дистрибуција на мастите низ целиот организам. Намалувањето на тежината е важно за подобрување на дистрибуцијата на мастите и минимизирање на кардиометаболичниот ризик. Резултатите потврдуваат дека мерењето DXA на телесната композиција и диструбуција на маснотиите се корисни во студии поврзани со заболувања предизвикани со гојазност. A/L-TMf% и A/L-FM% се исто така, корисни DXA индекс во проценка на дистрибуција на маснотии во организмот и се прифатени дијагностички процедури за абдоминална гојазност.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

3. Subeska Stratrova Slavica, Kostovska Srbinovska Elizabeta, Janikevik Ivanovska Danijela, Velikj Stefanovska Vesna (2019) "*Body fat distribution changes during weight loss determined by dual-energy x-ray absorptiometric android/gynoid ratios indexes of abdominal obesity*". Journal of Macedonian asociation of Phisiologists of Anhtropologigts, 13 (2). pp. 9-19 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26823

Авторите укажуваат дека, DXA индексите на централна, абдоминална дебелина $COI_1$ и $COI_2$ беа зголемени кај жени со зголемена телесна тежина пред слабеење и истите значајно се намалиле по слабеењето до нормални вредност. Нормалните BMI и BW вредности постигнати по слабеењето беа поврзани со нормалната телесна масна дистрибуција и значајна редукција на атерогениот липиден профил, укажувајќи на намален атероген ризик.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

4. Shubeska Stratrova Slavica, Janikevik Ivanovska Danijela (2019) "*Estimated central obesity index – worthwhile screening test procedure of abdominal obesity"*. Knowledge – International Journal, 34 (4). pp. 903-909. ISSN 2545-4439 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26771

Во оваа клиничка студија е потврдена важноста на DXA индексот COI и eCOI кај CS жени. Стдијата покажала дека DXA индексот COI и eCOI детектирале голема масна дистрибуција низ целото тело кај CS жени, диференцирајќи ги од S и SO. Авторите ја укажуваат важноста на одредувањето на eCOI вредностите кој може да биде рутински скрининг тест процедура за композиција на телесна маса и дистрибуција на масни ткива при регуларни скен постапки на рбет и зглобови , како и за проценката на ризикот на остеопороза.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

5. Pereska Zanina, Janikevik Ivanovska Danijela, Bekjarovski Niko, Simonovska Natasha, Babulovska Aleksandra (2019) "*Acute venlafaxine overdose with positive urine immunoassay for tramadol – clinical and diagnostic overlap - case report and literature overview"*. International Journal Knowledge, 31 (4). pp. 1027-1031. ISSN 1857-923X. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26779

Авторите ја истакнуваат улогата на високата концентрација на метаболити од венлафаксин кои даваат лажно позитивни резултати на трамадол имуноесеј (AbuGnostR). При интерпретација на резултатите од брзиот имунотест треба да се земе во предвид преклопувањето на клиничката слика и метаболните патишта на венлафаксин и трамадол.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

6. Shubeska Stratrova Slavica, Janikevik Ivanovska Danijela (2019) "*Body fat distribution and lipid profile changes after weight loss – a case report"*. International Journal Knowledge, 31 (4). pp. 1071-1076. ISSN 1857-923X. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26778

Целта на статијата беше да се согледа односот на нозе/ телесна тежина и нозе/ моторика на вредностите на липидите пред губење на докажана абдоминална гојазност и висок кардијален ризик кај испитаници со методот на DEX. FM се нормализира при губење на телесната тежина кај BMI, BW, нозе/телесна тежина и нозе/моторика и се потврдува со намалување на абдоминалната дистрибуција на липиди на стомакот, композиција на телото и дистрибуција на липиди низ целото тело. Резултатите укажуваат дека губењето на телесна тежина кај гојазни особи е важно за подобрување на телесната структура и намалување на ризикот од кардиометаболните проблеми. Се потврдува дека DEX мерењето на теслесна композиција и дистрибуција на маснотии е многу корисно во студии на заболувања предизвикани од гојазност.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

7. Spasovska Trajanovska Aneta, Janikevik Ivanovska Danijela (2019) *"Plasma cortisol levels in heroin addicts"*. International Journal Knowledge, 30. (4). pp. 733-737. ISSN 1857- 923X http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26772.

Во оваа клиничка студија е испитувано нивото на плазма кортизолот кај хероински зависници. Кај одредени испитаници е добиена високо ниво на плазма кортизол и висок процент на скалата BDI >10. Авторите укажуваат на значајна корелација помеѓу нивото на плазма кортизол со скалата на BDI. Кај хероинските зависници, ендокрините пореметувања доведуваат до високо ниво на плазма кортизол кој корелира со депресија.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

8. Bliznakovska Stanchev Dragica, Janikevik Ivanovska Danijela, Trajkov Dejan, Hristomanova Mitkovska Slavica, Kirijas Meri, Efinska Mladenovska Olivija, Sibinovska Olgica, Petlichkovski Aleksandar (2015) "*A case of a ten-year old girl with dominantly inherited Familial Mediterranean fever in Republic of Macedonia*". Macedonian pharmaceutical bulletin, 61 (2) (2). pp. 19-23. ISSN 1409 – 8695. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26883

Авторите во овој труд имаат прикажано случај на ретка болест на фамилијарна медитеранска треска која е автоинфламаторнагенетска болест која се карактеризира со повторливи болни напади. Укажуваат на болест која се наследува автосомно рецесивно и е поврзана со мутации на MEFV генот, кој ги кодира протеинот пирин. Иако болеста класично се наследува по рецесивен начин, опишани се некои атипични случаи на автозомно доминантно наследување. Пациентот кој е прикажан во трудот може да биде уште еден случај за поддршка на овој необичен начин на доминантно наследување, бидејќи хетерозиготната мутација E148Q е единствениот позитивен наод во генотипизација на 12 најчести MEFV мутации.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

**Трудови со оригинални научни резултати публикувани во зборник на трудови од меѓународни научни собири**

10. Domazetovska Saska, Janikevik Ivanovska Danijela, Grozdovska - Naumovska, Mirjana, Koloska Valentina (2019) *"Possible input of diabetes and smoking cigarettes in confirmation of AMI diagnosis"*. In: Turksh Journal of biochemistry, 27th Balkan Clinical Laboratory Federation Meeting BCLF 2019, 30th National Congress of the Turkish Biochemical Society TBS 2019, 27-31 Oct 2019, Antalya, Turkey. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26820

Резултатите покажуваат дека двата ризик фактора можат да дадат корисни податоци во примарната дијагностика заедно со одредени сензитивни но неспецифични параметри као СК и миоглобин. Ставот е базиран врз ефектот на снабдување со кислород на срцевиот мускул.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

11. Janikevik Ivanovska Danijela, Domazetovska Saska, Koloska Valentina, Gorgeska, Biljana (2018) "*Autoimune antibodies in thyroid diseases"*. In: Balkan Journal of Clinical Laboratory - 26, (18, 1), 3-5 Oct 2018, Skopje,Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26867

Серумските концентрации на анти-ТПО и анти-ТГ како специфични автоантитела се значајни параметри - маркери за потврдување на дијагнозата на автоимуни болести на тироидната жлезда.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

12. Koloska Valentina, Chaloska-Ivanova Viktorija, Panov Sašo, Janikevik Ivanovska, Danijela, Stojkovski Velimir, Jankulovski Nikola (2018) *"Identification of pre-core and basal core promoter mutants in patients with chronic hepatitis b in the Republic of Macedonia"*.In:The 33rd World Congress of Biomedical Laboratory Science (IFBLS), 22-26 Sept 2018, Firenze, Italy https://eprints-ugd.westeurope.cloudapp.azure.com/id/eprint/26817

Во трудот е евалуирана преваленцата од PC и BCP мутанти кај пациенти со хроничен хепатит Б. HbeAg-negative состојба има кај испитаниците со хроничен хепатит Б и е во корелација со мутантите од PC и BCP.Трудот е избран за усна презентација и рефериран.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

13. Janikevik Ivanovska Danijela, Domazetovska Saska, Kololoska Valentina (2018) *"Immunological criteria for the differential diagnosis of thyroid disease"*. In: The 33rd World Congress of Biomedical Laboratory Science (IFBLS), 22-26 Sept 2018, Firenze, Italy. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26816

Резултатите од испитувањата укажуваат дека, присуството на имунолошките клетки на местото на уништување на ткивото на тироидната жлезда кај автоимуниот тироидитис, кој едноставно го предиспонира пациентот да формира автоантитела на скриени антигени на тироидната жлезда.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

14. Domazetovska Saska, Janikevik Ivanovska Danijela, Koloska Valentina, Miov Biljana, Chofkarovska Suzana (2018) *"Role of standard markers and hsp 70 in diagnostic and prognostic managing of acs"*. In: The 33rd World Congress of Biomedical Laboratory Science (IFBLS), 22-26 Sept 2018, Firenze, Italy. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26819

Авторите укажуваат дека добиените резултати потврдуваат активирање на HSP70 во состојба на оксидативен стрес и индукција на неколку механизми за заштита на стабилноста на ткивата, како и спречување на распаѓање на протеините во таква состојба. Во понатамошен текст е истакнато дека следењето на вредностите на протеинот може да обезбеди корисни информации за предвидување на текот на болеста на пациентите.

**Трудот има научна и апликативна вредност**.

15. Janikevik Ivanovska Danijela, Shubeska Stratrova Slavica, Domazetovska Saska, Gorgeska Biljana, Evtimovska Nina (2017) *"Anti-tpo and anti-tg antibodies in autoimmune thyroide diseases diagnosis"*. In: Clinical Chemistry and Laboratory Medicine, 13-17.06.2017, Athena. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27854

Авторите укажуваат дека серумската концентрација на Anti-tpo и anti-tg соодветно се органо специфични антитела кои овозможуваат брза и прецизна дијагностика на Graves и Hashimoto тироидни заболувања.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

**Учество на научни собири**

Во склоп на научноистражувачките активности треба да се наведе дека кандидатката учествала на научни собири, од кои сите се меѓународни, при што истражувачките резултати се презентирани со усни или постер презентации.

16. Spasovska Trajanovska Aneta, Janikevik Ivanovska Danijela, Mitic Zora, (2020) *"Depression and diabetes"*, XXIV International scientific conference: Knowledge without borders, 27–30.03.2020, Vrnjacka banja, Serbia https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26812
Во трудот се истакнува значењето на гликемијата при посебно третирани дијагнози.
17. Subeska Stratrova Slavica, Janikevik Ivanovska Danijela, Velikj Stefanovska Vesna (2019) *"Lipid profile changes relations to body fat distribution changes determined with dual-energy x-ray absorptiometry during the weight loss"*, XXIII International Scientific Conference: Knowledge without borders, 13-15.12.2019 Bansko, Bulgarija
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27914
Во трудот се истакнува важноста на липидите при метаболичките промени.
18. Janikevik Ivanovska Danijela, Shubeska Stratrova Slavica, Domazetovska Saska, Koloska Valentina (2019) *"Dislipidemic profile relations to insulin resistance"*. 27th Balkan Clinical Laboratory Federation Meeting BCLF 2019, 30th National Congress of the Turkish Biochemical Society TBS 2019, 27-31 Oct 2019, Antalya, Turkey
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27919

Авторите во овој труд ја истакнуваат диретната поврзаност на липидниот и јагленохидратниот метаболизам.

19. Shubeska Stratrova Slavica, Janikevik Ivanovska Danijela (2019) *"Estimated central obesity index – worthwhile screening test procedure of abdominal obesity*", XXII International Scientific Conference: Knowledge without borders, 11-13.10. 2019 Kavala, Grecee
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27918
Во трудот се истакнува значењето на липидниот статус кај женската популација.
20. Shubeska Stratrova Slavica, Janikevik Ivanovska Danijela (2019) *"Body fat distribution and lipid profile changes after weight loss – a case report",* XXI International Scientific Conference: Knowledge without borders, 7-9 june 2019, Budva, Montenegro https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27916
Во трудот се истакнува влијанието на липидите врз кардиолошките промени.
21. Spasovska Trajanovska Aneta, Janikevik Ivanovska Danijela (2019) *"Plasma cortisol levels in heroin addicts"*, XX International Scientific Conference: Knowledge without borders, 29-31.03. 2019, Vrnjacka banja, Serbia https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26813
Во трудот се потенцира значењето на хормоните кај зависниците.

22. Domazetovska Saska, Slaveska Raicki Renata, Janikevik Ivanovska Danijela (2018) *"Diabetes mellitus treatment, effects and consequences"*. In: The 33rd World Congress of Biomedical Laboratory Science (IFBLS), 22-26 Sept 2018, Firenze, Italy.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26818

Проценетите резултати покажуваат дека за неколкумесечни мерења, нивото на глукоза може добро да се регулира со метформин, избегнувајќи ацидоза и несакан ефект. Одржувањето на релативно нормално ниво на лактат, исто така, покажува дека метаболизмот на глукозата и неговото ослободување е добро контролиран и укажува на тоа дека дополнителните странични механизми не се активираат во регулирањето на истиот процес. Како поддршка на резултатите, можеме да потврдиме дека нивото на лактат и ензимската активност можат да се разгледуваат заедно или одделно да се сметаат за добар маркер за ефект на лекот за време на терапијата.

23. Janikevik Ivanovska Danijela, Stefanovski Branislav, Babinkostova Zoja Domazetovska Saska (2016) *"Serum cortisol in patients with schizophrenia"*. In: 4th Joint EFLM-UEMS Congress "Laboratory Medicine at the Clinical Interface", Varsava, Poland.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26888

Во трудот се исканува важноста на испитување на кортизолот кај пациентите со шизофренија. Зголемените нивоа на кортизол во серумот може да се сметаат како биомаркер за дијагноза на шизофренија и може да се користат како значителен предиктор за позитивен одговор на антипсихотични третман кај пациентите со шизофренија, и укажува на акутно влошување на состојбата.

**Рецезент на научни трудови во меѓународни списанија**

24. Knowledge–International Journal (2018, 3 рецензии од областа на Медицински науки и здравје)

**III. Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

Во периодот до 2016 година, кандидатката е автор на една рецензирана скрипта и еден рецензиран практикум

Јаниќевиќ Ивановска Данијела, Атанасова Марија, Скрипта „Клиничка биохемија",2015, ISBN 978 – 608 – 244 -262 – 4, УГД „Гоце Делчев" – Штип.

Јаниќевиќ Ивановска Данијела, Атанасова Марија, Практикумот „Клиничка биохемија", 2015, ISBN 978 – 608 – 244 – 263 – 1, УГД „Гоце Делчев" – Штип.

Во изборниот период за насловен вонреден професор, кандидатката има издадено еден универзитетски учебник

25. Учебник "Одбрани поглавја на Клиничка биохемија за лаборанти" е рецензиран во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев" бр.157 од 2.11.2020 година

"Одбрани поглавја на Клиничка биохемија лаборнти" **DOI:** https://www.doi.org/10.46763/9786082447667,https://e-lib.ugd.edu.mk/958. ISBN 978-608-244-766-7. (одлука бр. 2002-195/6 од 12.11.2020).

**Избран постер за усна презентација**

На 33rd World Congress of Biomedical Laboratory Science (IFBLS), 22-26 Sept 2018, Firenze, Italy трудот под наслов "*Identification of pre-core and basal core promoter mutants in patients with chronic hepatitis b in the Republic of Macedonia*".е избран за усна презентација на Конгресот.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26817

**Труд објавен во стручно списание**

9. Paneva Tanja, Janikevik Ivanovska Danijela (2018) "Детекција и застапеност на инфекции со Helicobacter pylori во адолесцентна возраст". Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип. ISSN 1857-5994 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27857.

Целта на оваа студија беше да се презентираат резултатите од идентификацијата на Helicobacter pylori кај пациенти во адолесцентна возраст, кои имаат умерени до назначени гастроинтестинални тешкотии, и споредување на сензитивноста со различни методи на идентификација на бактеријата. Втората цел е да се презентираат резултатите во однос на возраста, полот и местото на живеење на засегнатите пациенти. Авторите укажуваат на поопсежни истражувања во оваа област, со укажување во прецизирањето на сензитивноста и специфичноста на сите достапни тестови во сигурната идентификација на H. pylori во биолошки материјали. Тоа ќе овозможи и донесување на соодветни програми за редукција на преваленцата на колонизација со H. pylori во општата популација.

**Трудот има научна и апликативна вредност.**

**Стручни трудови објавени во зборник од трудови на стручен собир**

26. Nateva Marina, Janikevik Ivanovska Danijela (2017) "*Аналитички значај на Ц реактивен протеин*". In: 32ри априлски средби.Стручно едукативни средби на медицински лаборанти Сојуз на Здруженија на медицински лаборанти и санитарни техничари на

Република Македонија.13-15 април 2017, Струмица
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26844

Во лабораториската дијагностика како најчесто испитуван протеин кој служи како маркер за воспаление е ЦРП. Тој е важен индикатор при воспаление, некрози на ткивото или при траума. Ц реактивниот тест е општ тест за откривање на присутно воспаление во телото, но не е специфичен.

27. Drpljanin Azra, Janikevik Ivanovska Danijela (2016) "*Evaluation of endocrine function".* In: VI[ти] Конгрес на Сојуз на Здруженија на медицински лаборанти и анитарни техничари на Република Македонија. 3-5 октомври 2016 Охрид, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26843

Раното откривање на патолошките резултати на половите хормони укажуваат на степенот на компликации и нивното прогностичко значење.

28. Rendzova Vasilka, Apostolovska Silvija, Janikevik Ivanovska Danijela, Eftimovska Mira, Koloska Valentina, Ristoska Sonja (2015) *"Компарација на физичките и хемиските карактеристики на материјали за директно прекривање на пулпата"*. In: VII Конгрес на стоматолозите од македонија со меѓународно учество, 11-14 јуни 2015, Охрид. . https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26939

TheraCal е нов материјал за директно прекривање на пулпата кој е способен по седум дена да создаде nX бликса до физиолошката. Способноста на TheraCal и Biodentine да ослободуваат калциумови јони за одреден период може да го стимулира создавањето на апатитни кристали како и формирање на нов дентин.

**Научно истражувачки проекти**

29. *"Лонгидудинална студија на конгитивното и невропсихолошкото функционирање кај хронични невролошки болести (епилепсии,* невродегенеративни болести, мозочни удари и мултипна склероза)",со клиниката за Неврологија од 2018 година одобрени од катедрите на УКИМ на Медицински факултет - Скопје
30. *"Метаболни нарушувања при примена на втората генерација на антипсихотици и влијанието на полот и начинот на исхрана"* со клиниката на Психијатрија, 2018 година. одобрени од катедрите на УКИМ на Медицински факултет – Скопје.
31. *"Влијание на хероинската зависност врз коскениот метаболизам"* со клиниката на Токсикологија, 2018 година. одобрени од катедрите на УКИМ на Медицински факултет – Скопје.

**Учество на обуки**

Од 01.09–27.09.2013година д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска беше на едукација во болницата FLORENCE NIGHTIGLE – Истанбул, Р. Турција, како дел од владиниот проект од Министерството за Здравство од областа на Клиничка биохемија, каде се стекна со нови искуства и методи за изведба на биохемиските и имунолошки анализи како и целокупната организација во клиничката лабораторија.Од 18.09.19.09.2013 година беше на едукација во болницата Memorial – Истанбул Р.Турција од областа на PISIAR. Од тој престој произлезе трудот со меѓународна соработка, "**Relationship between plasma cortizol levels and score of depression in heroin addicts of methadone treatment**" со стручни лица д-р. спец. P.Gün Atak од болницата Florence Nightigle – Истанбул Р. Турција.

**Техничко унапредување**

32. Кандидатката поседува сертифкат за интерни оценувачи по стандардите МКС EN ISO 15189: 2013 и МКС EN/ISO/IEC 19011:2012, 3-6.10. 2016 година.

Исто така, кандидатката поседува сертификати за извршена обука за комплетиран апликативен тренинг за соодветните инструменти:

– Immulite 2000 Immunoassay System Siemens Healthcare Diagnostics, 2009
– Vitros 350, 2010
– имуно анализаторот Architect I 1000sr од фирмата Abbot Laboratories, 2011

- имуно анализаторот Architect c8000 од фирмата Abbot Laboratories, 2014
- хематолошки анализатор XS 1000i Sysmex, 2014
- BN Prospec system на фирмата Simens. 2016
- Cobas c501 од фирмата Roche, 2018
- Cobas 6000 – модуле е601. Roche 2018
- Cobas Интегра 400Plus. Roche 2018
- Cobas e2010 Roche 2019
- Cobas Integra 800. Roche 2019
- Advia Centaur – Siemens, 2020

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, искуството во наставно-образовната и научноистражувачката дејност, кандидатот д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска ги исполнува сите законски услови за избор на насловен вонреден професор за наставно- научната област клиничка биохемија.

Кандидатот вон.проф. Данијела Јаниќевиќ Ивановска со својата наставно-образовна, научно-истражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност презентирана преку објавените научни трудови и активности, кои се прикажани во табелите составен дел на овој Реферат за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област клиничка биохемија, придонесува кон развојот на науката во областа и ги поседува потребните научни и стручни квалитети за наведениот избор. Кандидатката има континуирано наставно напредување изразено преку учеството во наставата, не само во првиот циклус - студии, туку и на вториот циклус. кандидатката д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска во изборниот период има остварено поени со што ги исполнува условите да биде избрана во звањето насловен вонреден професор.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатот, Реценентска комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, да го усвои предлогот д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска да биде избрана во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област клиничка биохемија (30210) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Слобода, Џекова-Стојкова,** редовен професор, претседател, с.р;
**Д-р Петраки, Корнети,** редовен професор член, с.р;
**Д-р Билјана, Ѓоргевска,** редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 5 | **Избор во звање вонреден професор** | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4 | **Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор и останати автори)** | | | | | |
| | **Втор автор** (≤5) **со реден број 1,** 2, 4, 5, 6, 7 | 1 | 6 | 5 | 6 | |
| | **Втор автор** (>5) со реден број 8 | 1 | 4,2 | | | **43,2** |
| | **Останати автори** (≤5) **со реден број 3** | 1 | 3 | | | |
| 5 | **Труд со оргинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир** | | | | | |
| | **Трудови** (≤5 ) со реден број 10, 11, 13, 14, 15 | | | 5 | 3 | |
| | **Трудови** (>5)**со реден број 12** | | | 1 | 2,1 | **17,1** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | **Учество на научен собир со реферат (постер/усно во земјата и во странство)**<br><br>**постер презентација** 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 | | | 8 | 1,5 | **12** |
| 24 | **Рецензент на научни трудови од областа реден број 24** | 3 | 1,5 | | | **4,5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **76,8** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | **Книга / учебник**<br><br>**реден број** 25 | 1 | 10 | | | **10** |
| 5 | **Труд објавен во стручно (научно-популарно) списание**<br><br>**реден број 9** | 1 | 2 | | | **2** |
| 6 | **Труд објавен во зборник од трудови од стручен собир**<br><br>**Реден број** 26, 27, 28 | 3 | 2 | | | **6** |
| 13 | **Учесник во научен проект**<br><br>**реден број** 29, 30, 31 | 3 | 5 | | | **15** |
| 15 | **Техничко унапредување**<br><br>**реден број 32** | 1 | 2 | | | **2** |
| 26 | **Раководител на катедра/оддел/центар** | 1 | 3 | | | **3** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **38** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **154,8** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО- НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука број 2002-81/3 донесена на 256. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 26.3.2021 година, определена е комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област дерматовенерологија (30201) – еден извршител на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во следниот состав:

- **д-р Александар Анчевски,** редовен професор во пензија, наставно-научна област дерматовенерологија,
- **д-р Љубица Павлова,** редовен професор во пензија, наставно-научна област дерматовенерологија,
- **д-р Вело Марковски,** вонреден професор, вработен на УГД, наставно-научна област инфектологија.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" на 5.3.2021 година и во предвидениот рок се пријави доц. д-р Андреј Петров.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатот **доц. д-р Андреј Петров,** според распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи:

- Пријава;
- Кратка биографија;
- Диплома за завршени додипломски студии на Медицински факултет (заверена кај нотар);
- Уверение за положени испити со просек од студиите 9.52 (заверена кај нотар);
- Диплома за одбранет магистерски труд на ВМА во Белград;
- Нострификација на дипломата од магистерските студии;
- Уверение за одбранет специјалистички испит;
- Диплома за одбранета докторска дисертација;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Примерок од објавените трудови;
- Препорака од двајца редовни професори од соодветната област од која се врши изборот;
- Потврда за познавање на англиски јазик;
- Еден примерок од докторската дисертација (оригинал);
- Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Андреј Петров** е роден во 1971 година во Скопје. Дипломира на Медицински факултет во Скопје во 1995 година, со просечна оценка 9.52. Од 1995 до 2008 година работи на Клиниката за дерматовенерологија во Скопје. Завршува специјализација по дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје во мај 2000 година.

Магистрира на ВМА во Белград во 2002 година и се стекнува со звање магистер од областа дерматовенерологија, на тема „Поврзаност на одделни типови на Т клеточни лимфоми со етничката припадност и степенот на урбанизација". Бил на повеќемесечни стручни претстои на Универзитетските клиники во Љубљана (Словенија) и во Гетеборг (Шведска), како и во болниците Аташир и Багдат на Аџибадем групацијата во Истанбул, Турција. Од 2008 до 2010 година бил специјалист консултант на Општата болница

„Ремедика" во Скопје. Од 2010 до 2013 година бил ангажиран како консултант на Клиничка болница „Систина" во Скопје. Во 2011 година се запишува на докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Докторира на Медицинскиот факултет во Скопје на 15 јануари 2016 година и се стекнува со звање доктор на медицински науки од областа на клиничка медицина, на тема „Ефикасност на фракциониот ласер во обновувањето на кожата".

Од 2013 година до денес работи како дерматовенеролог во Клиничката болница „Аџибадем Систина", каде што е шеф на Одделот за дерматовенерологија.

Претседател е на Комисијата за етички прашања на Клиничката болница „Аџибадем Систина".

Учествува како коавтор во пишувањето на домашни и меѓународни учебници по дерматовенерологија.

Вклучен е во меѓународни, мултицентрични, научноистражувачки проекти од полето на дерматовенерологијата како главен истражувач.

Во 2016 година е избран за насловен доцент, а во 2017 година за доцент по предметот Дерматовенерологија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Зборува течно англиски јазик, а има познавање и од француски и италијански јазик.

**Законски услови кои ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент:**

– Доктор на медицински науки - клиничка медицина, област дерматовенерологија (докторира во јуни 2020 година на Медицинскиот факултет – УКИМ, Скопје), со остварен просечен успех од 9.52.
– Објавени а/ најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 5 години до датумот на објавување на Конкурсот:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Brishkoska-Boshkovski V, Kondova-Topuzovska I, Damevska K, Petrov A. | Comorbidities as Risk Factors for Acute and Recurrent Erysipelas. Open Access Maced J Med Sci. | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 2019 |
| 2 | Petrov & Pljakovska. | Fractional Carbon Dioxide Laser in Treatment of Acne Scars | OA Maced J Med Sci. 2016 Mar 15; 4(1):38-42. | 2016 |
| 3 | Petrov A. | Efficiency of Carbon Dioxide Fractional Laser in Skin Resurfasing | Open Access Maced J Med Sci. 2016 Jun 15; 4(2):271-276. | 2016 |
| 4 | Damevska et al. | Impact of COVID-19 outbreak on dermatology services: Dermatology in isolation | Dermatologic Therapy. 2020;33:e13552. | 2020 |
| 5. | Damevska K., Boev B., Mirakovski D., Petrov A. et al. | How to prevent skin damage from air pollution. Part 1: Exposure assessment | Dermatologic Therapy. 2019;e13171. https://doi.org/10.1111/dth.13171 | 2019 |
| 6. | Petrov A. | Your Own Blood in Improving Your Look - Reality that Surprises - Review Article | Clin Dermatol Res J 2017, 2:1 | 2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | A Petrov, S Kraleva, K Kubelka-Sabit, D Petrova. | Treatment of a Patient with Merkel Cell Skin Carcinoma Using Radiation Therapy. | A Case Report. Open Access Maced J Med Sci. 2018 Apr 15; 6 (4): 669-672 | 2018 |

б/ или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Brishkoska-Boshkovski V, Kondova-Topuzovska I, Damevska K, Petrov A. | Comorbidities as Risk Factors for Acute and Recurrent Erysipelas “ | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 0.73 |
| 2 | Damevska et al. | Impact of COVID-19 outbreak on dermatology services: Dermatology in isolation | Dermatologic Therapy. 2020;33:e13552. | 1.72 |
| 3 | Damevska K., Boev B., Mirakovski D., Petrov A. et al. | How to prevent skin damage from air pollution. Part 1: Exposure assessment | Dermatologic Therapy. 2019;e13171. https://doi.org/10.1111/dth.13171 | 1.72 |
| 4. | Petrov & Pljakovska. | Fractional Carbon Dioxide Laser in Treatment of Acne Scars | OA Maced J Med Sci. 2016 Mar 15; 4(1):38-42. | 0,73 |
| 5. | Petrov A. | Efficiency of Carbon Dioxide Fractional Laser in Skin Resurfasing | Open Access Maced J Med Sci. 2016 Jun 15; 4(2):271-276. | 0.73 |
| 6. | A Petrov, S Kraleva, K Kubelka-Sabit, D Petrova. | Treatment of a Patient with Merkel Cell Skin Carcinoma Using Radiation Therapy. | A Case Report. Open Access Maced J Med Sci. 2018 Apr 15; 6 (4): 669-672 | 0.73 |

**Учество во учебници, монографии и наставни помагала**

1. Andrej Petrov, Vesna Pljakoska, Silvija Duma. Hypopigmentation. Hermansky Pudlak syndrome, Chediak- Chigasi syndrome, and Griscelli syndrome. ISBN:9781138505230 2019: 1, 83-86

2. ПЕТРОВ, Андреј Практикум по дерматовенерологија [електронски извор] / Андреј Петров. - Штип : Универзитет „Гоце Делчев» - Штип, Факултет за медицински науки, 2021 Начин на пристапување (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/974. - Текст во PDF формат, содржи 72 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 9.2.2021. - Биографија: стр. 71. - Библиографија: стр. 70 ISBN 978-608-244-789-6
3. ПЕТРОВ, Андреј Дерматовенерологија [електронски извор] / Андреј Петров - Штип : Универзитет „Гоце Делчев» - Штип, Факултет за медицински науки, 2021 Начин на пристапување (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/973. - Текст во PDF формат, содржи 258 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 9.2.2021. - Биографија: стр. 257. - Библиографија: стр. 256 ISBN 978-608-244-788-9 а) Дерматовенерологија - прирачници COBISS.MK-ID 53129477
4. Pityriasis rubra pilaris. Petrov A., Pljakovska V. European handbook of dermatological treatments. AD Katsambas et al. Springer-Verlag Berlin Heilderberg, 2021/in press
5. Leprosy (Hansen's Disease). Ranawaka R., Pljakoska V., Petrov A. European handbook of dermatological treatments. AD Katsambas et al. Springer-Verlag Berlin Heilderberg, 2021/ in press

**Наставно-образовна и научноистражувачка работа**

Доцент д-р Андреј Петров е редовно вклучен веќе 5 години во наставата на Факултетот за медицински науки како предметен наставник по дерматовенерологија и за овој период голем број на студенти се стекнаа со неопходните знаења од оваа област на медицината. Д-р Петров е ментор на 9 специјализанти по дерматовенерологија од кои 3 веќе се стекнаа со лиценца на специјалисти по дерматовенерологија. Тој е вклучен и во наставата на трет циклус на студии за изведување на настава за студентите на докторски студии. На Факултетот за медицински науки е раководител на Одделението за општа медицина.

**Научноистражувачли проекти**

1. Qualitative and quantitative assessment of the deposits adhering to the human skin exposed to urban air pollution: an international multicentar study. EADV 2020-2021. Katerina Damevska, Blazo Boev, Dejan Mirakovski, Andrej Petrov et al.
2. Jean Monnet Project titled as EU E-Health and North Macedonia: From Current Practice to Implementation.(2020-2022). Kristina Misheva et al.

Трудови

1. Brishkoska-Boshkovski V, Kondova-Topuzovska I, Damevska K, Petrov A. Comorbidities as Risk Factors for Acute and Recurrent Erysipelas. Open Access Maced J Med Sci. https://doi.org/10.3889/oamjms.2019.214

Спроведена е ретроспективно-проспективна, кохортна студија, која ги вклучува сите пациенти со дијагностициран еризипел на долните екстремитети, во текот на две години. Овој труд, ги анализира системските и локалните коморбидитети кај пациенти со дијагностициран еризипел на долните екстремитети. Пациентите се поделени во две групи: пациенти со прва епизода и втора група пациенти со рекурентен еризипел. Двете групи се споредувани, со посебен акцент на системските и локалните коморбидитети.

2. Petrov A., Pljakoska V. Fractional carbon dioxide laser in treatment of acne scars. Open Access Maced J Med Sci. 2016 Mar 15;4(1):38-42. doi: 10.3889/oamjms.2016.004. Epub 2015 Dec 21

Студијата е спроведена кај 40 пациенти со акни кај кои се покажало во студијата дека кај V-обликот на цикатрикси од акни резултатите од терапијата покажале поголемо задоволство од третманот и подобра оцена од страна на пациентите. Даден е преглед и на несаканите ефекти од ласерската терапија, како што се црвенилото, болката, пигментациите, едемот, кои се транзиторни, краткотрајни и не предизвикуваат посериозни проблеми за пациентите кои биле подложени на ваков тип на третман.

3. Petrov A. Efficiency of Carbon Dioxide Fractional Laser in Skin Resurfacing. Open Access Maced J Med Sci. 2016 Jun 15;4(2):271-6. doi: 10.3889/oamjms.2016.062. Epub 2016 May 24

Во трудот е компарирана ефикасноста на фракциониот ласер во обновувањето на кожата кај 107 пациенти третирани со ласер како монотерапија, споредено со контролна група од 100 пациенти во која е применета терапија со локални ретиноиди, криотерапија. Заклучок на трудот е дека фракционата ласерска фототермолиза е значајно подобро прифатена, со поголемо задоволство кај пациентите, споредено со конвенционалните методи на третман, во период на следење од 6 месеци.

4. *Damevska et al. Impact of COVID-19 outbreak on dermatology services: Dermatology in isolation. Dermatologic Therapy. 2020;33:e13552.*

Во трудот е опишана состојбата во дерматолошката служба во земјата кога најголем број од докторите беа во изолација. Даден е преглед на начинот на пружање на медицинската заштита, најчести дијагнози, алокацијата на здравствените услуги кон слободните приватни и државни дерматолози, начинот на справување со оваа специфична ситуација на територијата на нашата земја.

5. Damevska K., Boev B., Mirakovski D., Petrov A. et al. How to prevent skin damage from air pollution. Part 1: Exposure assessment. Dermatologic Therapy. 2019;e13171. https://doi.org/10.1111/ dth.13171

Трудот е приказ на состојбата и анализа на изложеноста на загадување на воздухот и нејзиното влијание врз оштетување на кожата користејќи егзактни методи на проценка.

6. A Petrov, S Kraleva, K Kubelka-Sabit, D Petrova. Treatment of a Patient with Merkel Cell Skin Carcinoma Using Radiation Therapy. A Case Report. Open Access Maced J Med Sci. 2018 Apr 15; 6 (4): 669-672

Даден е приказ на случај на ретка малигна болест на кожата Меркел карцином, кој завршува вообичаено со фатален крај. Прикажани се диференцијално-дијагностичките процедури и начинот на третман, односно палијација, со обсир на возраста на пациентот. Во трудот се презентирани клинички, хистолошки и имунохистохемиски фотографии на оваа ретка, фатална малигна болест на кожата.

7. Petrov A. Your Own Blood in Improving Your Look - Reality that Surprises - Review Article. Clin Dermatol Res J 2017, 2:1

Во трудот се прикажани новите можности на поле на естетската дерматологија кои ги нудат разните модификации на третман со сопствена плазма која е богата со тромбоцити. Терапијата со плазма богата со тромбоцити, кои содржат висока концентрација на фактор на раст е дел од современите третмани во амбулантите за естетска дерматологија и козметологија.

**Трудови презентирани како постери или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми:**

1. *Two in one- direct PRP/ Platelet reach plasma/ after fractional laser in skin resurfacing. Book of abstracts. VI Congress of dermatovenerologist of Macedonia with international participation. Ohrid. 2017. http://www.unet.com.mk/dermatology/index-eng.html*

Презентирана е техника на комбинација на ласерско подмладување на лицето и апликација на плазма богата со тромбоцити кај серија на пациенти третирани во „Аџибадем Систина“. Резултатите покажуваат синергистички ефект од комбинираниот третман, компарирано со поединечната употреба на двете методи подобар ефект на третманот и поголемо задоволство кај пациентите.

2. Petrov, Andrej (2019) *Xeroderma pigmentosum-case report.* Софиски дерматолошки денови, 28-30 септември 2019, Албена, Бугарија

Трудот е приказ на случај во усна презентација на пациент со ретка генодерматоза-ксеродерма пигментозум, со симултана појава на поголем број на различни малигни тумори на кожата. Опишано е влијанието на ултравиолетовото зрачење во утациите на ДНК и карциногенезата која доведува до развој на кожни тумори кај овие пациенти.

3. Dermatology Conditions and Psychological Impact on Affected Patients/ UGD/2018/ Прв симпозиум на традиционална кинеска медицина

Во предавањето е прикажан спектар на дерматолошки болести кои имаат свое влијание врз психолошката состојба на личноста, како и нивната дијагностика и терапија. Во дерматологијата висок процент од пациентите во секојдневната пракса отпаѓаат на т.н. психодерматологија, а друг дел пак има сериозен проблем со психолошкиот ефект на одредени дерматолошки заболувања.

4. Carbon dioxide fractional laser in skin resurfacing/ International symposium Dermatology 2020 Stip-March 2019

Предавањето ги дава најмодерните светски техники во подмладување на кожата со посебен осврт на техниката на фракциона ласерска аблација на кожата, сопствено клиничко искуство на авторот.

5. Ласерски третман на лузни од акни. Втор меѓународен симпозиум Dermatology 2020. Скопје и Штип, февруари 2020

Во предавањето се изложени личните искуства од секојдневната клиничка пракса кај пациенти со лузни од акни, како и резултатите од терапијата, кои се постигнати со современа моќна ласерска технологија за решавање на овој проблем.

**Приказ на докторската дисертација**

Ефикасност на фракциониот ласер во обновувањето на кожата. Докторска дисертација. Медицински факултет - Скопје, УКИМ. Декември 2015.

Во докторската дисертација е опфатена тема од естетската дерматологија. Во неа е проценувана ефикасноста на фракциониот аблативен ласер во обновувањето на кожата наспроти конвенционалните методи на терапија кај три подгрупи на пациенти - пациенти со лузни од акни, пациенти кај кои е спроведена рејувенација на кожата, како и кај пациенти со HPV вирусни израстоци на кожата. Проценката е дадена и од страна на пациентот и од терапевтите-кумулативно изразена, од независно дадените оцени од двајца доктори, преку користење на евалуација на дигитална фотографија со HD Mole max козметски модул. Исто така, анализирана е и можноста за постоење на синергистички ефект во третманот при симултана употреба на фракциониот јаглерод диоксид ласер и плазмата богата со тромбоцити кај првите две подгрупи на пациенти. Во дисертацијата изведен е заклучок дека фракциониот ласер е ефикасен и безбеден за употреба кај сите три групи на пациенти. Кај пациентите од првите две подгрупи е регистрирана статистички значајна разлика во задоволството од третманот кај пациентите третирани со ласер во однос на останатите тераписки модалитети. Комбинираниот третман со ласер и плазма е повисоко оценет од ласерската монотерапија, но без статистичка значајност. Кај пациентите со вирусни ХПВ израстоци на кожата ласерската терапија е послабо оценета од пациентите во однос на криотерапијата. Несаканите ефекти од ласерскиот третман со јаглерод диоксид ласер биле ретки, минимални и брзо поминуваат до 72 часа по третманот.

**Приказ на магистерски труд**

Поврзаност на одредени типови на кутани Т-клеточни лимфоми со етничката припадност и степенот на урбанизација. Магистерски труд. *ВМА. Белград, 2002.*

Во трудот се прикажани во проспективно-ретроспективна студија изведена на Клиниката за дерматовенерологија во период од 5 години различните варијанти на Т-клеточни кутани лимфоми кои се дијагностицирани и лекувани на клиниката, како и нивната поврзаност со урбанизацијата, разликите село-град, како и разликите во однос на етничката припадност на пациентите. Како контролна група земени се пациенти со хронични инфламаторни дерматози. Востановена е значајно поголемата фреквенција на болеста во урбаните средини.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Петров е актуелен раководител на Студиската програма по општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и со својот ангажман активно придонесува за развојот на факултетот. Во овој период се реализира акредитација на неколку нови студиски програми во кои беше директно вклучен, а кои се големо значење за натамошниот развој на Факултетот за медицински науки.

Како дел од тимот на Клиничката болница „Аџибадем Систина“, новите техники и сознанија во медицината ги применува во подобрување на квалитетот на здравствената заштита на пациентите. На тој начин, научните сознанија од областа на дерматовенерологијата наоѓаат апликативна вредност во клиничката пракса.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупно наведената наставна, научноистражувачка и стручно-апликативна, како и организациско-развојна дејност на кандидатот д-р Андреј Петров се гледа дека кандидатот ги исполнува условите на Законот за високо образование, како и на Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за избор во наставно-научно звање вонреден професор по наставно-научната област дерматовенерологија.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и врз база на личното познавање на кандидатот, имаме чест на **Наставно-научниот совет да му предложиме да го избере д-р Андреј Петров во наставно-научно звање вонреден професор по наставно-научната област дерматовенерологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Александар Анчевски,** редовен професор во пензија, претседател, с.р.
**Д-р Љубица Павлова,** редовен професор во пензија, член, с.р.
**Д-р Вело Марковски**, вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р.бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | Доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | 30 |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | Научноистражувачки проект | | | 2 | 3 | 6 |
| | Пленарно предавање на научен собир | 2 | 3 | | | 6 |
| | Поглавја во учебник | 1 | 6 | 1 | 10 | 16 |
| | Секциско предавање на научен собир | 3 | 2 | 5 | 4 | 26 |
| | Научни трудови објавен во списание со ИФ | 3<br>1 | 15<br>5 | 2 | 5 | 60 |
| | Научен труд во меѓународно списание | | | 1 | 9 | 9 |
| | Претседател на научен собир | 2 | 2 | | | 4 |
| | Студиски престој | | | 3 | 8 | 8 |
| | | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | 135 |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | Кмига/учебник/ | **2** | **10** | | | 20 |
| | Поглавје во книга | 7 | 4 | | | 21 |
| | Труд објавен во зборник на трудови | 3 | 2 | | | 6 |
| | Раководител на одделение | 1 | 3 | | | 3 |
| | Учесник во научен проект | 2 | 5 | | | 10 |
| | Член на универзитетско или владино тело | 1 | 5 | | | 5 |
| | Труд објавен во научно-популарно списание | 1 | 2 | | | 2 |
| | Пленарно предавање | 3 | 2 | | | 6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ментор на специјализанти/4 години | 9 | 4 | | | 36 |
| | | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | 109 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 274 |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА И ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА ГЕРМАНСКИТЕ НАРОДИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-46/5 од 17.2.2021 година донесена на 223. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 17.2.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник/извршител во сите наставно-стручни звања доцент за наставно-научната област англистика (64004) и историја на книжевноста на германските народи (61212) на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

– **д-р Ендру Гудспид (претседател),** редовен професор од наставно-научната област англистика, литературна критика и англиска и ирска литература на Факултетот за јазик, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово;
– **д-р Марија Кусевска (член),** вонреден професор од наставно-научната област наука за книжевност и наука за јазикот, англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– **д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска (член),** доцент од наставно-научната област наука за книжевност и наука за јазикот, англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 4.2.2021 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

1. д-р Наталија Поп Зариева, виш лектор на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р.Македонија

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Наталија Поп Зариева** е родена на 1 јуни 1973 година во Кочани. Средно образование завршува во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје. Во 1996 година завршува додипломски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Групата за англиски јазик и книжевност при Катедрата за англиски јазик и книжевност со просек 8.00 и се стекнува со стручен назив дипломиран професор по англиски јазик и книжевност. Своето понатамошно усовршување го продолжува на двегодишните постдипломски студии со специјалност англиска филологија, насока Превод и современа англиска литература на Универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград, Бугарија. По положувањето на сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии, со просечна оценка 9.50, на 12 јануари 2011 година успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „Ethical issues in *The Pearl* by John Stainbeck” и се стекнува со академски степен магистер по англиска филологија. Во 2014 година се запишува на трет циклус - докторски студии на докторската школа при „Југоисточен Европски универзитет“ во Тетово, каде што на 28 октомври успешно ја брани докторската теза од областа на англиската книжевност „Vampiric Elements in *The Giaour* by Lord Gordon Byron and *The Ryme of the Ancient Mariner* by Samuel Taylor Coleridge“.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент**

1. Д-р Наталија Поп Зариева има завршено прв, втор и трет циклус студии и се стекна со звање доктор по филолошки науки од областа на англиски јазик со научноистражувачко поле наука за јазик и наука за литература и научноистражувачка

област англистика, кој одговара на областа во која се бира - наставник во наставно-стручно звање *доцент* за наставно-научната област *англистика 64004 и историја на книжевноста на германските народи* 61212 на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

2. Ги завршува студиите од прв, втор и трет циклус со просек од најмалку 8 на студиите од прв и втор циклус (прв циклус, просек 8.00, втор циклус просек 9.50) вкупен просек на прв и втор циклус 8.75, а од трет циклус просек 9.00.
3. Има објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација во областа во која се избира во последните пет години пред објавување на огласот за избор:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Поп Зариева, Наталија | *From Praise to Disparagement: Byron's Critical Reception* | International Journal Knowledge, 31 (1), pp. 39-43, ISSN 2545-4439 | 5 |
| 2 | Поп Зариева, Наталија | *'The Rose Sultana of the Nightingale': Oriental Images, Characters and Setting in Byron's The Giaour* | International Journal Knowledge, 28 (7). pp. 2289-2294. ISSN 2545-4439 | 5 |
| 3 | Поп Зариева, Наталија | *The Endurance of the Gothic: The Romantics' Contribution to the Vampire Myth.* | International Journal Knowledge, 28 (7). pp. 2339-2343. ISSN 2545-4439 | 5 |
| 4 | Поп Зариева, Наталија, Илиев, Крсте, Донев, Драган | Дракула на Брам Стокер: Суеверие или религија? | Годишен зборник 2019 - Филолошкиот факултет, УГД – Штип, 10 (14) стр. 69-74. ISSN 1857-7059 | 11 |
| 5 | Поп Зариева, Наталија и Илиев, Крсте и Донев, Драган | *Mary Shelley's "Frankenstein" and Byron.* | Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11) pp. 29-34. ISSN 1857-7059 | 11 |

Кандидатката д-р Наталија Поп Зариева има завршено трет циклус студии од научната област англиски јазик и книжевност, просечен просек 8.75 од додипломски и постдипломски студии и има седумнаесетгодишно работно искуство во наставно-образовната дејност во основно и средно образование, осумгодишно искуство во високо образование и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање доцент.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во периодот 1995–1996 работи како професор по англиски јазик во ДЕМАУ „Гошо Викентиев“ - Кочани. Од 1999 до 2012 работи како наставник по англиски јазик во ОУ „Св. Кирил и Методиј“ - Кочани. Во 2012 година, врз основа на јавен Конкурс, м-р Наталија Поп Зариева е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“– Штип, во областа англистика („Универзитетски билтен“ бр.92, ноември 2012), а со Одлука бр. 1902-117/10 од 6. 7.2015 година на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет („Универзитетски билтен“ бр.149, јуни 2015) избрана е за лектор на истиот факултет, и со Одлука бр.1902-229/5 од 19.12.2018 год. е избрана за виш лектор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, и е постојано активна во наставно-научниот процес, во научноистражувачката дејност, како и во стручно-апликативната дејност.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатката се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката е ангажирана на Групата за англиски јазик и книжевност за реализација на вежбите по следните предмети: Современ англиски јазик 1, Современ англиски јазик 2, Современ англиски јазик 3 (лекторски вежби), Современ англиски јазик 4 (лекторски вежби) и вежби по Британска литература 3 и 4. Кандидатката се покажа како солиден и исполнителен наставник и соработник по горенаведените предмети, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор.

Покрај обврските поврзани со лекторските вежби и вежбите по наведените предмети, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Групата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

Д-р Наталија Поп Зариева важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација во периодот од последните пет години*:*

1. Pop Zarieva, Natalija, and Iliev, Krste. (2016) *Comparative Linguistic Analysis of Russhion and English Proverbs and Sayings.* Palimpsest 1 (2) pp. 25-32. ISSN 2545-3998

Овој труд ги анализира посебните карактеристики на некои од најистакнатите поговорки во рускиот и англискиот јазик достапни во соодветна лингвистичка литература. Главната цел на овој труд е да истражи дали поговорките избрани за ова проучување во двата јазика имаат слични или различни карактеристики. Со употреба на компаративен метод, трудот прави лингвистичка анализа на поговорките со цел да ги идентификува нивните граматички и семантички маркери, како и постоењето на фонетски процеси во англискиот и рускиот јазик. Трудот покажува дека иако англискиот и рускиот јазик се класифицирани во различни јазичните групи, германската и словенската, нивниот заеднички корен- Индоевропското семејно и културно наследство, создадел слични и еквивалентни начини на изразување. Ова го потврдува ставот на Мартваго за постоење на аналогни поговорки во двата јазика како резултат на универзално човечко искуство и деривациски процеси кои настанале во текот на заеднички културни и историски патишта.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL/article/view/1736

2. Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalija (2016). *Thematic and Textual Comparison of the Tragedies "Hamlet" by William Shakespeare and "Antigone" by Sophocles.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 1 (1). pp. 275-283. ISSN 978-608-244-308-9

Овој труд претставува идејна и текстуална споредба на две од најпознатите трагедии од Златните доба во Англија и Грција. Златната доба на Елизабета I и Златната доба на Перикле. И двете трагедии ги содржат вредностите на двете цивилизации во нивниот врв. Двете трагедии изобилуваат со повеќеслојност. Хамлет е принц, син, љубовник, поет, филозоф, мечувалец, самоубиец. Антигона е принцеза, сестра, вереница, одметник, самоубиец. Ренесансата ги приближила достигнувањата на античка Грција и Рим до Англија во времето на Шекспир. Оттаму и одредени сличности помеѓу двете трагедии.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/87

3. Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste (2016). *The Byronic Hero: Emergence, Issues and Definition of his Progenies.* Филко Зборник на трудови, 1 (1). pp. 741-747.

Во фокусот на овој труд е делото на Лорд Гордон Бајрон, поконкретно создавањето на идејата за Бајроновиот херој. Овој труд ја дефинира идејата за Бајроновиот херој која се појавила во периодот кога Бајрон ги создавал своите дела и сè уште продолжува да се обликува од страна на литературните критичари. Иако поголемиот дел од книжевните научници се согласуваат со фактот дека првиот книжевен Бајронов херој бил Бајроновиот

Чајлд Харолд, протагонистот во епската поема Странствувањата на Чајлд Харолд, сепак, многумина го сметаат самиот Лорд Бајрон за првиот Бајронов херој. Прашањата што во стожерот на оваа дискусија за Бајроновиот херој се: Како може да се дефинира фразата Бајронов херој? Кои се карактеристиките на Бајроновиот херој? Во колкава мера личноста на Бајрон придонела да се создаде овој архетип? Трудот, исто така, упатува на други книжевни примери на Бајроновиот херој од 19 век наваму, а воедно претставува наследници на Бајроновиот херој во современата популарна култура.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/87

4. Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste (2017). *The Contribution of the film "Dracula Untold" to the evolution of Bram Stoker's Dracula: A comparative analysis of the protagonists.* Филко/ Filko Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција.

*Fragment of a Novel*, незавршениот роман на Лорд Бајрон претставува еден од првите англиски книжевни дела кој се заснова на вампирска тема. Делото останало недовршено, но послужило како почетна точка за Џон Полидори, неговиот лекар и пријател, да го создаде романот The Vampyre. Романот Dracula на Брам Стокер е заснован на романот The Vampyre на Полидори и се смета дека претставува „најголем и највлијателен роман за вампири што некогаш бил напишан» (Фрост, 1989, стр.52). Овој труд прави критичка анализа на еволуцијата на протагонистот и открива како и колку ликот во филмот Dracula Untold се оддалечил од легендарниот Dracula на Брам Стокер. Заклучоците се засноваат на видот на отстапување и трансформација во поглед на претставувањето на овие ликови во романот и во филмот.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/118

5. Поп Зариева, Наталија, и Илиев, Крсте. (2018). *Lady Caroline Lamb and Lord Byron: Glenarvon - a Vampire or a Wandering Jew.* Филко - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција.

Овој труд се фокусира на едно не многу познато дело, создадено за време на романтизмот во Англија, од Лејди Каролаин Ламб, романсиер од аристократско потекло. Нејзиниот роман насловен Гленарвон, генерално отфрлен од критичарите, но кој Гете го сметал за дело достојно за литературен углед, всушност бил голем финансиски успех, веројатно заради неговата полуавтобиографска рамка на аферата што ја имала со лордот Гордон Бајрон, кој веќе прераснал во славна личност. И покрај малото внимание што го прими овој роман, овој труд го разгледува како готски роман кој го прикажува првиот бајронски херој надвор од опусот на Бајрон и успешно ги вклопува одликите на двата архетипски литературни лика – скитникот евреин и вампирот.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/152

6. Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste and Donev, Dragan (2018). *Mary Shelley's "Frankenstein" and Byron.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11). pp. 29-34. ISSN 1857-7059

Овој труд ги разгледува различните влијанија врз младата Мери Шели во создавањето на познатиот Франкенштајн. Ликовите и карактеризацијата во романот на Шели ги одразуваат влијанијата на идеите и чувствата на неколку личности. Овие влијанија ги вклучуваат Изгубениот рај и Митот за Прометеј, за кои е познато дека младата Мери Шели Марија ги прочитала пред создавањето на Франкенштајн. Алегоричниот состав на романот овозможува да се идентификуваат сите овие влијанија. Сепак, овој труд укажува на тоа дека главниот поттик на романот лежи во влијанијата на Перси Шели и Лорд Бајрон. Личностите и поезијата на двајцата поети може да се пронајдат рефлектирани во карактеризацијата на Франкенштајн, но овој труд главно се фокусира на влијанието на Бајрон.

7. Донев, Драган и Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија (2018) Културолошки импликации во изучувањето на деловен англиски како странски јазик и неговата културолошки импликации во изучувањето. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11) pp. 77-81. ISSN 1857-7059

Трудот ги истражува културолошките аспекти како многу чест фокус на истражувањата поврзани со меѓународната деловна комуникација. Во овој труд се

обидува на кратко да даде преглед на ставовите на еминентни истражувачи од оваа област изнесени во нивни трудови на оваа тематика, исто така се фокусира на влијанието на културолошките аспекти поврзани со меѓународната деловна комуникација. Притоа ја анализирана улогата што културата ја има во општествените ситуации на меѓународната деловна комуникација во современиот живот. Трудот прави осврт на мислењата на повеќе автори, како и нивни сознанија, откритија и предлози во однос на потребата од акцентот врз културните особини како важен аспект во меѓународната деловна комуникација во време на глобализацијата. Трудот става посебен акцент на употребата на англискиот јазик амбиент на меѓукултурни контакти.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/article/view/3310/2995

8. Поп Зариева, Н. (2018). *The Endurance of the Gothic: The Romantics' Contribution to the Vampire Myth.* International Journal Knowledge*,* 28 (7). pp. 2339-2343. ISSN 2545-4439.

Овој труд се обидува да го открие потеклото и природата на културната привлечност кон литературниот лик на вампирот, трагајќи го неговото потекло од источноевропскиот фолклор до германските поети Гете и Бургер, шкотската писателка Ана Банерман и англиските романтичари Џон Китс и Самјуел Колриџ. Трудот се концентрира на ориенталната приказна на Лорд Бајрон „Ѓаурот“ и баладата на Сајмуел Тејлор Колериџ „Рима за стариот морнар“. Двете дела се разгледуваат од аспект на готските теми кои ги обработуваат, ликовите, поточно елементи на вампиризам врз кои се засноваат. Придонесот на овој амбивалентен лик во овие две дела е недоволно обработен, поради што трудот се фокусира на карактеризациите на Бајрон и Колериџ на овој лик и нивниот придонес кон литературниот развој на овој лик. Трудот темелно ги истражува и дефинира различните метафорични употреби од овој лик и дава нов поглед кон споменатите дела.

https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=21266

9. Поп Зариева, Н. (2018). *'The Rose Sultana of the Nightingale': Oriental Images, Characters and Setting in Byron's The Giaour.* International Journal Knowledge*,* 28 (7). pp. 2289-2294. ISSN 2545-4439.

Трудот се заснова на идејата дека Бајрон се разликува и се издига над неговите современици во третманот на ориентот во своите дела во однос на широкиот опсег, прецизното претставување и неговата креативна емпатија. Цел на овој труд е да се идентификува оваа невообичаена репрезентација на ориентот и да направи осврт на употребата на ориенталните алузии во „Ѓаурот“ на Лорд Бајрон. Трудот се фокусира на приказот на Истокот преку ликовите, темите и мотивите во делото, и го истражува начинот на кој поетот вешто вметнува западен херој во источен амбиент и го збогатува целокупниот впечаток за делото преку вметнување на повеќе различни раскажувачи. Трудот исто така става акцент на фактот дека Бајрон бил првиот автор кој дозволил ориентален лик да пренесува приказна од сопствена - исламска гледна точка. Ова го прави Бајрон различен од неговите современици; тој не го гази ориенталниот глас. Гласот на муслиманскиот наратор го нагласува ориенталниот карактер на песната бидејќи неговите гледишта даваат специфична ориентална боја кои според овој труд претставуваат една од карактеристиките кои го издвојуваат авторот од останатите автори кои ја обработувале темата на ориентализмот.

https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=21267

10. Илиев, К., Поп Зариева, Н., и Донев, Д. (2018). *Some Common Traits Shared by English Renaissance Revenge Tragedies*. Годишен зборник 2018 - Филолошкиот факултет, Штип, 9 (12). стр. 25-32. ISSN 1857-7059.

Овој труд го анализира потеклото на трагедиите за одмазда и влијанието на римскиот драматург Сенека на англиските ренесансни трагедии. Понатаму, тој нуди краток преглед за тоа што се сметало за одмазда во елизабетанска Англија и со какви поими елизабетанците ја поврзувале одмаздата. Покрај тоа, овој труд ги анализира карактеристиките што ги содржат англиските ренесансни трагедии. Трудот се фокусира на утврдување дали може да се зборува за некој вид на „заедничка шема“ што ја користеле Томас Кид, Вилијам Шекспир и евентуално други автори кога ги создале овие трајно релевантни примери на трагедии за одмазда.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/150

11. Илиев, К., Поп Зариева, Н., и Донев, Д. (2018). *Attitudes to Poetry in the Antiquity and to Dramatic Poetry in Renaissance England*. Годишен зборник 2018 - Филолошкиот факултет, Штип, 9 (12) стр. 65-74. ISSN 1857-7059.

Овој труд нуди преглед на тоа како поезијата се перцепирала во антиката, како таа била спротивна на тогашната филозофија и на нејзиното влијание врз емоциите. Трудот ги карактеризира главните ставови кон поезијата во ренесансна Англија. Трудот ја истражува проблематичната положба на поезијата во ренесансна Англија која настанала поради нејзината некомпатибилност со христијанската црква и нејзините правила. Трудот заклучува дека една од главните причини за лошата позиција на поезија во тој период се должи на фактот што таа потенцира одредени емоции кои, според христијанството, треба да се избегнат заради нивната подмолна и несвета природа. Покрај тоа, трудот разгледува како Шекспир можеби гледал на поимот за поетот повторувајќи ја античката изрека дека поезијата е еден вид „божествена лудост“. Трудот завршува со гледиштето на Вилијам Вордсворт за поезијата и неговите совети за тоа како поезијата може да биде од корист, наместо штетно, за читателите и за публиката.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/150

12. Поп Зариева, Н., Илиев, К., Донев, Д. (2019). Дракула на Брам Стокер*:* Суеверие или религија*?* Годишен зборник 2019 - Филолошкиот факултет, УГД – Штип, 10 (14) стр. 69-74. ISSN 1857-7059.

Дракула е роман навидум поставен на идејата за религиска посветеност на главните ликови, но овој труд е базиран на премисата дека двете спротивставени категории религија и суеверие во делото често имаат тенденција да се слеат една со друга. Тематската линија на делото сумирана во една реченица може да се претстави како алегорија во зборовите на Џон Хенри Њуман „of the warfare between the city of God and the powers of darkness“. Ликовите се молат за помош на Семоќниот во нивната битка со демонските сили, се крстат и замавнуваат со крст. Критичкото мислење можеби има потреба од поголема афирмација на фактот дека ова е веројатно најрелигиски-обоениот популарен роман на своето време. Од друга страна пак, делото изобилува со научни факти и модерни технолошки достигнувања, како што се телеграфи, диктафони и Кодак камери, што дава можност да се толкува како прокламација на религиозност среде секуларизираниот рационалистички Доцен-викторијански свет. Но, религискиот дидактизам во романот не е насочен кон недоверба на секуларната наука, туку напротив кон неговата спротивност - кон застрашувачката појава на суеверието симболично прикажано во вид на вампирска инвазија на Англија. Овој труд тврди дека христијанска религија во делото на Стокер е во заедничка битка со модерното време против атавистичките предрелигиозни влијанија – суеверието.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/187

13. Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., и Донев, Д. (2019). *The Origins of the Seven Deadly Sins.* Годишен зборник 2019 - Филолошкиот факултет, УГД – Штип, 10 (14) стр. 49-53. ISSN 1857-7059.

Концептот на седумте смртни гревови се користи во католичките исповедни практики преку употребата на прирачници за каење, но за овој концепт дискутираа и разни филозофи како Тома Аквински и Роџер Бејкон. Покрај тоа, концептот бил толку популарен што поети како Данте Алигиери, Џефри Чосер, Џон Гауер и Кристофер Марлоу, автори како Вилијам Ленгленд и теолози, како што е Џон Виклиф, меѓу другите, исто така го користеле овој концепт, дали да ги збогатат своите дела или да го расветлат концептот од нивна перспектива. Овој труд го следи развојот на концептот од „египетските пустини“, преку хеленистичката теологија, „Патување на душата“, Гностиците, преку воздушните демони и аскетиците во делата на Евагриј од Понт и Јован Касијан до стандардизацијата на концептот од папата Григориј Велики во 6 век.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/187

14. Донев Д., Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., Костова, К. (2019). *Културолошки импликации во меѓународната деловна комуникација*. Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). стр. 19-27. ISSN 1857-7059.

Културолошките аспекти сè почесто се во фокусот на истражувањата поврзани со наставата по англиски како странски јазик. Во овој труд се обидува да даде преглед на ставовите од еминентни истражувачи од оваа област изнесени во нивни трудови на оваа тематика, како и влијанието на културолошките аспекти во изучувањето на англискиот како странски јазик и нивното влијание во комуникацијата во меѓународниот глобализиран контекст. Притоа се анализира улогата што културата ја има во општествените ситуации на современиот живот. Авторите на трудот ги презентираат мислењата на повеќе автори, како и нивни сознанија, откритија и предлози во однос на потребата од акцентот врз културните особени како важен аспект во изучувањето на англискиот како странски јазик во време на глобализацијата. Трудот, исто така, се фокусира на употребата на англискиот како лингва франка во меѓукултурни контакти.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/180

15. Костова, К., Поп Зариева, Н., Донев, Д., Илиев, К., и Крстева, М. (2019). Андроцентричниот глас на текстот во драмата на Џон Озборн Обѕрни се во гнев. Годишен зборник - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). стр. 53-58. ISSN 1857-7059.

Поимот „глас“ упатува на стојалиштето на авторот, но исто така и на ставовите и случувањата кои се прикажани преку ликовите и текот на драмското дејство. Овој труд се обидува накратко да даде преглед на гласот на текстот на драмата *Обѕрни се во гнев* на Џон Озборн. Притоа ја анализира андроцентричната димензија на гласот на текстот, со детален опис на андроцентричноста како литературен и општествен концепт во кој машките перспективи и искуства се ставени на пиедестал, додека женските перспективи и искуства се целосно игнорирани. Трудот ги дефинира и објаснува поимите „драма покрај кујнскиот ̓мијалник̓“, „гневни млади мажи“ и „порноглосија“, притоа презентира неколку извадоци од драмата кои ја потврдуваат андроцентричната природа на гласот на текстот. Во фокусот на трудот се начините на прикажување на секојдневието и особено на одвивањето на драмското дејство и неговата завршница во релација со гласот на текстот.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/180

16. *Поп Зариева, Н. (2020). From Praise to Disparagement: Byron's Critical Reception. International Journal Knowledge,* 31 (1), pp. 39-43, ISSN 2545-4439

Овој труд е посветен на канонот на Бајрон и се фокусира на неколку цели. Прво, ги претставува најзначајните критички пристапи кон делата на Бајрон од времето кога Бајрон живеел и творел. Потоа, се фокусира на оние критичари кои специфично го истражувале „Ѓаурот“ на Бајрон и придонеле за разбирањето на оваа ориентална приказна. Понатаму, го истражува развојот ан литературната критика што направи значителен напредок или промена во третманот на Бајроновите ориентални херои, особено во „Ѓаурот“ фокусирајќи се на вклучувањето на натприродни или вампирски елементи. Конечно, тој се обидува да претстави различни хронолошки критички трендови за да го дефинира развојот на ставовите кон канонот на Бајрон, почнувајќи од критичкиот одговор на делото на Бајрон од неговите современици, потоа опфаќајќи ги ставовите на викторијанскиот критичар, проследено со најистакнати критичари на дваесеттиот век. Трудот вклучува различни перспективи и трендови од претходниот век, како што се марксизмот, феминизмот, родовите студии и други, и го проценува нивниот придонес кон критичката проценка на поезијата на Бајрон.

https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=27582

17. *Поп Зариева, Н., Костова, К., Донев, Д., Илиев, К. (2020). Моќта на очите во Дракула на Брам Стокер*, Годишен зборник 2020 - Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (15) стр. 55-61. ISSN 1857-7059

Трудот ја истражува врската меѓу вампирите од народните легенди и нивните претставници во литературата кои немаат многу заеднички карактеристики, но еден аспект од митологијата којшто бил засилен во англиската литература на дваесеттиот век била улогата на очите на вампирот. Трудот посебно се фокусира на романот Дракула на Брам Стокер кој се базира на оваа карактеристика во претставувањето на очите на ликовите и воедно го вклучува и народното верување во „зло око“ со цел да ја претстави

борбата на доброто против злото. Трудот го истражува уникатниот начин на сликање на сатанската сила во очите на вампирот кај Стокер, која е патем надополнета со сексуална конотација на зажарените очи на вампирите, кои сјаат од жед за згаснување на сексуална желба која воедно значи и згаснување на жед за крв, односно храна. Овој труд ги претстави и анализира различните претставување на очите во Дракула и дава објаснување за нивната импликација во вампирскиот мотив и темата на делото.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/244

18. Донев, Д., Крстева, М., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. (2020). *Улогата на квалификуваните преведувачи во глобализираниот свет во време на пандемија и инфодемија*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 51-57. ISSN 1857-7059

Овој труд го разгледува феноменот на глобализацијата од аспект на соочување со една нова појава, појава каква немало во изминатите сто години. Станува збор за новонастанатата здравствена криза од светски рамки. Авторите разгледуваат и дискутираат за делата на автори кои во своите трудови пишуваат за две кризи што се одвиваат паралелно една на друга: едната е здравствената, а другата информациската, првата уште ја нарекуваат пандемија, а втората инфодемија. Во овој труд најпрво накратко е изнесен преглед на ставови на еминентни истражувачи од оваа областа презентирани во нивни трудови. Понатаму се анализира влијанието од овие две кризи, здравствената и информациската, во глобализираниот свет, како и улогата што преведувачот ја има во справувањето со вакви кризи. Главната поента во анализата на трудот е потребата од квалификувани преведувачи во меѓународната комуникација во време на здравствена криза од светки рамки, во трката за што побргу да се дојде до релевантни информации кога светот се наоѓа во информациска криза.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/250

19. Крстева, М., Донев, Д., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. (2020). *The Use of Letters in Postmodern Biofictions: The Paris Wife.* Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 19-25. ISSN 1857-7059

Поле на интерес на овој труд се постмодерните книжевни автори кои користат различни книжевни методи и техники како начин за создавање на различни културни и јазични контексти. Таквите техники кои Јарослав Куснир (2011) ги наведува, вклучуваат употреба на стари форми и жанрови намерно создавање на плагијат, кич, лажни или преправани цитати од познати литературни и други текстови, интертекстуалност, пастиш и сл. Трудот ја истражува посебната улога која ја има постмодерното биофиктивно пишување кое користи фактички и измислени писма во создавањето на нови значења. Трудот прави анализа како авторите вметнуваат измислени факти и ги испревртуваат вистинските со цел да создадат нови форми, стилови и жанрови.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/250

20. Илиев, К., Крстева, М., Костова, К., Донев, Д., Поп Зариева, Н. (2020). *Пренебрегнувањето на статусот и должноста на принцот Хал, неговиот грев на мрзливост, неговата реформација и неговото паѓање во гревот на гордоста*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 27-35. ISSN 1857-7059

Трудот тргнува од премисата дека гревовите или пороците на мрзливоста и гордоста може да се откријат релативно лесно во однесувањето на литературните ликови кои има високи функции, како што е на пример војсководец, принц или крал. Овој труд ги анализира постапките и недостигот на дејствија на принцот Хал во драмите на Шекспир „Хенри IV" и „Хенри V", низ призмата на карактеристиките што обично се поврзани со мрзливост и гордост како што е наведено од Исидор од Севилја и Тома Аквински. Трудот историски ја дефинира појавата „мрзливост" од почетоците, кога мрзливоста се поврзувала со занемарување на религиозната функција, до XIV век, кога се здобила со втор синоним, имено „занемарување на обврската за статус или професија", како што објаснува Зигфрид Вензел (1967: 91).

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/250

21. Костова, К., Крстева, М., Поп Зариева, Н., Илиев, К., Донев, Д. (2020). *Драмата во среден век како основа за означување на културниот идентитет во Англија*. Зборник на трудови ФИЛКО – Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 155-161.

Во овој труд се прикажани различните драмски форми кои биле чести во среден век во Англија. Авторите ги образложуваат нивните специфики, како и разликите кои ги издвојуваат една од друга. Трудот ја дефинира позицијата на драмата како означител на културниот идентитет во Англија за време на ренесансата. Но, и средновековната драма во Англија која е прилично значајна, затоа што претставува основа за понатамошниот развој на драмата во Англија. Авторите започнуваат со анализа на средновековниот театар и неговите почетоци кои ги наоѓаат длабоко вкоренети во литургијата, за потоа да го трасираат развојот на драмите надвор од црквата, кога се издвоиле како нови форми во средновековната драма познати како миракули, мистерии, моралитети итн.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/249

22. Kukubajska, Marija Emilija and Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalija (2015) *Англиска литература 2: 16-18 век.* ISBN 978-608-244-274-7.

Скриптата претставува оригинален наставен материјал за спроведување на настава спрема теми и проблеми во огромниот опус на англиската литература во периодот од 16 до 18 век. При изработка на скриптата „Англиска литература 2:

16-18 век“ авторите ги имале предвид следните цели за студентите: суштински да го совладаат предаваниот материјал преку анализа на делата со споредбен метод, во контекст на општествен, историски, културолошки, филозофски, економски и уметнички дисциплини од филозофија, историја, социо-култура и уметност. Материјалот во скриптата ќе им помогне на студентите да ги проучуваат сложените книжевни и културни теми и проблеми на ренесансната поезија, проза и драма низ авторите Филип Сидни, Едмунд Спенсер, Кристофер Марло, Вилијам Шекспир, Бен Џонсон и Метафизичарите, Франсис Бејкон и Томас Мор; литературата во периодот на реставрацијата и Џон Милтон, како и литературата од 18 век преку делата на Александар Поуп, Даниел Дефо и Џонатан Свифт.

23. Kukubajska, Marija, and Iliev, Krste, and Pop Zarieva, Natalija and Krsteva, Marija. (2014). *History of British and American Culture and Civilization*. ISBN 978-608-244-059-0

Скриптата дава преглед на историјата и културата на Англија и Америка од раните почетоци до модерно време. Го опфаќа сите наставни единици од предметот Британска и американска култура и цивилизација, притоа задржувајќи се на најважните моменти за историјата и културата. Скриптата дефинира значајни поими, но и дава опис на најзначајните моменти од историјата. Тоа го постигнува преку разни видови прашања со кои поттикнува критичко размислување кај студентите како прашања за размислување и понатамошно истражување. Скриптата претставува едно сеопфатно и многу корисно помагало за учење кое дава јасна слика на материјалот по дадениот предмет.

24. Goodspeed, Andrew, and Pop Zarieva, Natalija, and Iliev, Krste. (2020). *Практикум по Британска литература 3 (19 век).* ISBN: 978-608-244-785-8

Целта на практикумот е подетална разработка и примена на содржините од наставниот материјал по предметот Британска книжевност 3 (19 век). Ракописот содржи прашања и вежби од различни видови: прашања со повеќе избори со цел да се препознае одреден книжевен поим, појава, мотив, тема или карактеристика на дадениот книжевен текст; прашања точно-грешно, со цел да се дефинира или употреби некој литературен концепт; прашања со краток есејски одговор кои поттикнуваат размислување од повисоки нивоа како анализа, синтеза и евалуација со цел да се развие способноста за критичко размислување и книжевна анализа. Ракописот е поделен на два дела во согласност со распределбата на материјалот и периодот кој го покрива: Прв дел – Период на романтизам и Втор дел – Викторијански период. Практикумот става акцент на идентификување на најважните карактеристики на овој избор на поезија и проза од периодот на романтизмот и викторијанскиот период. Воедно прашањата насочуваат кон размислување во однос на карактеристиките на времето како што се суеверие наспроти религија, религија наспроти рационализам, разум наспроти чувства, рурална средина наспроти брза урбанизација, природа наспроти индустријализација, како и влијанието на научните достигнувања на живеењето и нивната рефлексија во книжевноста.

Сите овие активности укажуваат на успешноста на кандидатката Наталија Поп Зариева во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Покрај објавените стручни трудови, кандидатката има учествувано со усна презентација на неколку меѓународни и стручни конференции во земјава и во странство, семинари, обуки и организирала дисеминации на обуки во улога на обучувач:

25. 19–20.09.2019, Тетово. Меѓународна научна мултилингвална конференција "Multilingialism as a Challenge of Linguistic, Literary and Cultural Communication. Организатори на конференцијата: Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово. Презентиран труд *The Rime of the Ancient Mariner: A Romantic Text and Beyond*.
26. 14-16.12.2018, Банско, Бугарија. 19. *Меѓународна научна конференција* Knowledge in Practice, *организирана од* Institute of Knowledge Management, и два презентирани труда: The *Endurance of the Gothic: The Romantics' Contribution to the Vampire Myth и The Rose Sultana of the Nightingale": Oriental Images, Characters and Setting in Byron's "The Gioaur".*
27. Мај 2017, Штип. Семинар на тема "Enhancing teachers' and students' skills – latest practicesabout how children acquire language;techniques and strategies for boosting students' word power", во организација на National Geographic Learning, Штип.
28. Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија (2016) *Thematic and Textual Comparison of the Tragedies "Hamlet" by William Shakespeare and "Antigone" by Sophocles*. ФИЛКО-Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование.
29. Поп Зариева, Наталија и Илиев, Крсте (2016) *The Byronic Hero: Emergence, Issues and Definition of his Progenies*. Филко – Прва меѓународна конференција за филологија, култура и образование, 18-19 март 2016 год.
30. 28 ноември 2016, Скопје. Обука „Standardizing assessment in universities", организирана од Британски совет на Македонија, Британски совет, Скопје.
31. 15–19.10.2015, Штип. Семинар во рамките на проектот Ментор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Организатор: ПСД – Груп.
32. 11–13.9.2014, Штип. Прва меѓународна научна конференција "Social Change in the Global World", организирана од Центар за правно-политички истражувања и Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.
33. 11-13 април 2014, Благоевград. 23. Меѓународна конференција на БЕПА- ИАТЕФЛ, Југозападен универзитет „Неофит Рилски", Благоевград, Бугарија.
34. 9.11.2013, Скопје. Прва меѓународна конференција на Здружение на преведувачи на Република Македонија, Сити хол, Скопје.
35. 17-19.5.2013, Сараево. Меѓународна научна конференција „Наука и глобализација", Универзитет у Источном Сарајеву, Филозофски факултет Пале.
36. 25.7.2013, Штип. Учесник во промоција на книга „Во драмата на светот" на Селест Бенџамин Трејси и учесник во литературно читање, Штипско лето, Безистен, Штип.
37. Август 2012, Охрид. VIII северно-американска конференција, Охрид.
38. 6.3.2013, Штип. Учесник во презентација по повод 8 Март: Презентација на американски жени поети, Американско катче, Штип.
39. Април 2012, Учесник во презентација на тема Етика и естетика, Американско катче, Штип.
40. 2009, Скопје. Обука за фасилитатор во Проект за основно образование, организиран од Биро за развој на образованието и УСАИД, Скопје.
41. 2007-2009, Кочани. Обучувач во Проект за основно образование „Подобрување на стандардите за оценување", Биро за развој на образованието и УСАИД.
42. 2006, Скопје. Обука во рамките на проектот за модернизација на образованието. Биро за развој на образованието и УСАИД, Скопје.
43. 2006, Скопје. Обука за обучувач по англиски јазик во Проект за модернизација на образованието. Биро за развој на образованието и УСАИД, Скопје.

44. 2006-2007, Кочани. Обучувач во 1 и 2 фаза во Проект за стекнување основни знаења и вештини за користење на информатичка технологија. Биро за развој на образованието и УСАИД, Скопје.
45. 2006-2007, Кочани. Обучувач во 1 и 2 фаза во проект за иновативно користење на ИКТ во наставата. Биро за развој на образованието и УСАИД, Скопје.
46. 26.10.2008, Скопје. Учество во V Меѓународна конференција на ЕЛТАМ- ИАТЕФЛ – ТЕСОЛ, организиран од Асоцијација на наставници по англиски јазик на Македонија, Американ Колеџ, Скопје.
47. 7–8 октомври, Струга. Учество во IV Меѓународна конференција на ЕЛТАМ-ИАТЕФЛ –ТЕСОЛ, организиран од Асоцијација на наставници по англиски јазик на Македонија, Хотел дрим, Струга.
48. Август 2003, Осиек, Хрватска. Учество во 60-часовна летна обука за наставници на тема „Поучување на многу млади ученици“, Осиек, Хрватска.

**Освен тоа има учествувано во неколку проекти на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип:**

49. Учество во Проектот „Ментор“ (2016), кој заедно го спроведуваат Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Преведувачкото биро „ПСД“ од Словенија, во која претставници на словенечкото претпријатие ќе држат обуки за студентите од УГД за применување на најсовремените алатки за преведување, а истовремено преку тестови ќе бидат избрани и најдобрите преведувачи кои ќе можат да добијат можност и да работат за ПСД од Словенија;
50. Учество во проект: Kusevska, Marija and Ivanovska, Biljana and Daskalovska, Nina and Leontik, Marija and Donev, Dragan and Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste and Tasevska, Marica (2018) Развивање на меѓукултурните прагматички истражувања и истражувањата на прагматиката на меѓујазикот и нивно поврзување со практиката.
51. Учество во проект: Даскаловска, Нина и Ивановска, Билјана и Леонтиќ, Марија и Поп Зариева, Наталија и Крстева, Марија и Тодорова, Марија и Тасевска, Марица (2018) Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет.

**Кандидатката била член во тела, комисии и институти на Филолошки факултет**:

52. Учество во комисии за спроведување на завршни испити на Филолошкиот факултет;
53. Учество во комисии за спроведување на комисиски испити на Филолошкиот факултет;
54. Членување во уписна комисија за изведување уписи на нови студенти на УГД;
55. Учество во организационен одбор на Филко - Прва меѓународна конференција за филологија, култура и образование, 2016 год., Филолошки факултет, УГД, Штип;
56. Учество во организационен одбор на Филко - Трета меѓународна конференција за филологија, култура и образование, 2018 год., Филолошки факултет, УГД, Штип;
57. Учество во организација на Конкурс за најдобар есеј/цртеж, организиран од Филолошки факултет, февруари-април 2018;
58. Учество во организација на Конкурс за најдобар есеј/цртеж, организиран од Филолошки факултет, февруари-април 2019;
59. Учество во изработка на Монографија на Филолошки факултет, УГД- Штип, јуни-октомври 2018 год.;
60. Учество во комисија за промоција на Филолошки факултет;
61. Член на Институт за јазици на Филолошки факултет;
62. Учество во изработување на програма за елаборат на прв циклус студии на Филолошки факултет за студиската програма 2012/13 и 2017/18.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на наведените факти во деталниот Извештај произлезени од доставената целосна и соодветна документација на пријавената кандидатка д-р Наталија Поп Зариева и земајќи ја предвид целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Наталија Поп Зариева поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски и со своите наставни, научни, стручни и професионални квалитети ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование, како и Правилникот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за да биде избрана во звање доцент.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката д-р Наталија Поп Зариева во наставно-научното звање доцент за наставно-научната област англистика 64004 и историја на книжевноста на германските народи 61212 на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ендру Гудспид,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Марија Кусевска,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска,** доцент, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 1 | 10 | | | **10** |
| | ВКУПНО | | | | | **10** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Дел од монографија или научна книга<br><br>Активност реден бр. 22, 23 и 24 | 3 | 6 | | | 18 |
| **3.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br><br>Труд бр. 1, 6,12 и 17 (прв автор),<br><br>Труд бр. 10,11, 13 и 15 (втор автор)<br><br>Труд бр. 7, 14, 18, 19 и 20 (трет итн. автор) | 4<br>4<br>5 | 9<br>6<br>3 | 3 | 9 | 102 |
| **4.** | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови од научен собир<br><br>Труд бр. 2, 3, 4, 5 и 21 | 5 | 2 | | | 10 |
| **6.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство<br><br>Активност реден бр.25 и 26 | 1 | 1.5 | 2 | 2 | 5.5 |
| **7.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| **8.** | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | 4 |
| | ВКУПНО | | | | | 147.5 |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Учесник во научен проект (најмногу три)<br><br>Активност реден бр.49, 50 и 51 | 3 | 5 | | | 15 |
| **3** | Елаборати и експертизи<br><br>Активност реден бр. 62 (2 пати) | 2 | 2 | | | 4 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија<br><br>Активност реден бр.52, 53, 54 и 60 | 4 | 2 | | | 8 |
| **29.** | Член на институтски орган, комисија<br><br>Активност реден бр. 61 | 1 | 2 | | | 2 |
| | ВКУПНО | | | | | 29 |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **186.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РОМАНИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1902-36/3 од 26.1.2021 година, донесена на 221. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 26.1.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање виш лектор за научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

– **д-р Весна Коцева** – претседател, доцент за наставно-научните области романистика и методика на јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– **д-р Ева Ѓорѓиевска** – член, вонреден професор за наставно-научните области романистика и историја на книжевноста на романските народи на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– **д-р Јована Караникиќ-Јосимовска** – член, доцент за наставно-научните области романистика и историја на книжевноста на романските народи на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 24.12.2020 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатката м-р Марија Тодорова, магистер по методика на настава по шпански јазик, вработена како виш лектор по шпански јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Марија Тодорова** е родена на 18 август 1981 година во Кочани. Основно и средно образование завршува во Кочани. Дипломира во 2006 година на Државниот универзитет во Чикаго (САД) со просек 10,00 и се стекнува со титула дипломиран филолог по шпански јазик и книжевност. Покажува забележителни успеси во текот на студирањето и добива високи академски признанија. Во 2011 година, со просек 9,93 магистрира на Факултетот по класични и нови филологии при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија и се стекнува со титула магистер по методика на настава по шпански јазик. Магистрира на тема „Изучување на шпански јазик како втор странски јазик“.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во наставно-стручно звање виш лектор**

**Општи услови за избор**

М-р Марија Тодорова постигнала просечен успех од 10,00 на Државниот универзитет во Чикаго (САД). Се стекнала со научен степен магистер по методика на настава по шпански јазик. Претходно е избрана во звање виш лектор по шпански јазик според Одлука бр.1902-86/15 од 15.03.2017 година, донесена на 153. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет и реферат објавен во Универзитетски билтен број 192 од 14.6.2017 година.

Таа поседува способност за изведување на високообразовна дејност, а тоа го потврдува нејзиното единаесетгодишно искуство. Исто така, таа има објавени многу научни и стручни трудови.

**Посебни услови**

М-р Марија Тодорова е учесник во неколку научноистражувачки проекти и има објавени најмалку три научни или три стручни трудови од обласста.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Тодорова, Марија | Дијалектите на шпанскиот јазик во Соединетите Американски Држави | Меѓународен годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 11 (16). pp. 9-15. ISSN 1857-7059 | од 2016 г. трудот е објавен во 2020 г. |
| 2. | Тодорова, Марија и Продановска-Попоска, Весна | Гласовните системи на шпанскиот и на англискиот јазик | Зборник на трудови/Петта меѓународна научна конференција ФИЛКО филологија, култура и образование, 8-9 октомври 2020, Штип, 5 (5). pp. 345-350. ISSN ISBN: 978-608-244-787-2 | од 2016 г. трудот е објавен во 2020 г. |
| 3. | Тодорова, Марија и Коцева, Весна | Повеќејазичност – фундаментален принцип на европската јазична политика | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 35 (6). pp. 1855-1862. ISSN 2545-4439 | од 2009 г. трудот е објавен во 2019 г. |
| 4. | Тодорова, Марија | Наставата по шпански како странски јазик во Република Северна Македонија | Меѓународен Зборник на трудови, Филолошки факултет, 10 (14). pp. 85-91. ISSN 1857- 8667 | од 2016 г. трудот е објавен во 2019 г. |
| 5. | Тодорова, Марија и Уланска, Татјана | Усвојување на шпанскиот јазик како трет јазик кај македонските студенти | Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 3 (6). pp. 281-289. ISSN 2545-3998 | од 2016 г. трудот е објавен во 2018 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Тодорова,<br><br>Марија | Усвојување на втор јазик | ФИЛКО - Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 2 (2). pp. 597-604. ISSN 978-608-244-308-9 | од 2016 г.<br><br>трудот е објавен во 2017 г. |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

**Наставно-образовна дејност**

Својата академска кариера м-р Марија Тодорова ја започнува како асистент и тутор на Државниот универзитет во Чикаго "Chicago State University" – САД, во периодот од 2005 до 2007 година. Во 2008 година започнува да работи на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип како кореспондент.

Во 2013 година се стекнува со наставно-стручно звање лектор за научната област романистика - шпански јазик, според Одлука бр.2402-80/5 од 16.5.2013 година, донесена на 84. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во Универзитетски билтен број 104 од 17.6.2013 година.

Во 2017 година се стекнува со наставно-стручно звање виш лектор за научната област романистика - шпански јазик, според Одлука бр.1902-86/15 од 15.3.2017 год., донесена на 153. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет. Рефератот за овој избор е објавен во Универзитетски билтен број 192 од 14.6.2017 година.

Предава неколку предмети од областа на шпанскиот јазик на матичниот факултет: Шпански јазик А1.1., А1.2., А2.1., А2.2., Б1.1., Б1.2.; факултетски изборни предмети на сите нематични факултети: Шпански јазик 1, 2, 3, 4 како странски јазик; Шпански јазик 2, 3, 4, 5, 6 како деловен странски јазик на Економски факултет, а исто така ги покрива и предметите Шпански јазик 1 и 2 како универзитетски изборен предмет на сите 13 факултети при Универзитетот „Гоце Делчев".

Покрај овие активности м-р Марија Тодорова активно учествува и во организациските активности на Филолошкиот факултет, односно учествува во организирање на ФИЛКО - Меѓународна конференција за филологија, култура и образование на Филолошки факултет, учествува во организација на Конкурс за најдобар есеј/цртеж, организиран од Филолошки факултет во 2018 и 2020 година, а учествува и во изработката на Монографија на Филолошки факултет, Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, во 2018 година.

**Научноистражувачка дејност**

Во текот на изборниот период (2017-2021) виш лектор м-р Марија Тодорова учествува на повеќе симпозиуми, конгреси, трибини и конференции во земјава и надвор од неа, и тоа како од областа на филолошките науки, така и од областа на образованието и воспитанието. Таа има објавено поголем број на научни и стручни трудови во периодот од 2017 година до 2021 година.

**Трудови објавени во меѓународни научни списанија, во меѓународни зборници на трудови и зборници од меѓународни научни конференции, во домашни научни и стручни списанија и публикации**

Ulanska, Tatjana and Kuzmanovska, Dragana and Todorova, Marija and Kirova, Snezana (2020) Extra linguistic factors behind lexical change in modern English, Spanish and German.

INTED2020 Proceedings 14th International Technology, Education and Development Conference. pp. 2307-2311. ISSN 2340-1079;

Koceva, Vesna and Todorova, Marija (2020) Основни начела на природниот пристап на Крешен и Терел. ФИЛКО - Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 5 (5). pp. 177-182. ISSN ISBN: 978-608-244-698-1;

Todorova, Marija (2020) Дијалектите на шпанскиот јазик во Соединетите Американски Држави. Годишен зборник 2020- Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 11 (16). pp. 9-15. ISSN 1857-7059;

Todorova, Marija and Prodanovska-Poposka, Vesna (2020) Гласовните системи на шпанскиот и на англискиот јазик. Зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција ФИЛКО филологија, култура и образование, 8-9 октомври 2020, Штип, 5 (5). pp. 345-350. ISSN ISBN: 978-608-244-787-2;

Prodanovska-Poposka, Vesna and Todorova, Marija (2020) Foreign language teaching for gifted learners: overview of listening, reading, speaking and writing. Зборник на трудови - Втора интернационална научна конференција „Надарените и талентираните креатори на прогресот", 2 (2). pp. 552-557. ISSN 376.54(063);

Todorova, Marija and Koceva, Vesna (2019) Повеќејазичност – фундаментален принцип на европската јазична политика. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 35 (6). pp. 1855-1862. ISSN 2545-4439;

Todorova, Marija (2019) Невербална комуникација во наставата. Зборник на трудови / ФИЛКО Четврта меѓународна научна конференција, 23-25 мај 2019, 4 (4). pp. 373-377. ISSN 978-608-244-698-1;

Todorova, Marija (2019) Наставата по шпански како странски јазик во Република Северна Македонија. Зборник на трудови, Филолошки факултет, 10 (14). pp. 85-91. ISSN 1857- 8667;

Todorova, Marija (2019) Меѓукултурни разлики во вербалната и невербалната комуникација. Зборник на трудови, Филолошки факултет, 10 (14). pp. 103-109. ISSN 1857-8667;

Todorova, Marija and Ulanska, Tatjana (2018) Усвојување на шпанскиот јазик како трет јазик кај македонските студенти. Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 3 (6). pp. 281-289. ISSN 2545-3998;

Todorova, Marija (2018) Многујазичен наставник. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, 12. pp. 95-101. ISSN 1857-7059;

Koceva, Vesna and Todorova, Marija (2018) Креирање на активности со структуриран инпут во рамките на поучувањето граматика со обработка на инпут. ФИЛКО - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 3 (3). pp. 293-299. ISSN 978-608-244-308-9;

Todorova, Marija (2018) Улогата на англискиот јазик (Ј2) при усвојување на шпанскиот јазик (Ј3) од страна на македонски студенти. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11). pp. 69-76. ISSN 1857-7059;

Todorova, Marija and Koceva, Vesna (2018) Усвојување на трет јазик (Ј3). ФИЛКО - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 3 (3). pp. 659-664. ISSN 978-608-244-308-9;

Koceva, Vesna and Todorova, Marija (2017) Дистинкција и поврзаност помеѓу експлицитното и имплицитното знаење на странскиот јазик. Годишен зборник 2017, Филолошки факултет - Штип, 8 (9). pp. 9-16. ISSN 1857-7059;

Todorova, Marija (2017) Усвојување на втор јазик. ФИЛКО - Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 2 (2). pp. 597-604. ISSN 978-608-244-308-9;

Todorova, Marija (2017) Придобивки од интернационализација на високото образование. Годишен зборник 2017 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (10). pp. 47-52. ISSN 1857-7059;

Todorova, Marija and Koceva, Vesna (2017) Компоненти на наставата CLIL. Годишен зборник 2017 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (10). pp. 39-46. ISSN 1857-7059;

Todorova, Marija (2017) Интегрирано учење на содржина и на јазик (CLIL). Годишен зборник 2017 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 8 (9). pp. 63-70. ISSN 1857-7059.

1. Todorova, Marija and Prodanovska-Poposka, Vesna (2020) Гласовните системи на шпанскиот и на англискиот јазик. Зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција ФИЛКО филологија, култура и образование, 8-9 октомври 2020, Штип , 5 (5). pp. 345-350. ISSN ISBN: 978-608-244-787-2

**Евалуација на труд:** Кога се изучува странски јазик, вообичаено некои фонеми се изговараат различно од тоа како би биле изговорени од родените говорници. На пр. кога странци учат да зборуваат англиски јазик, тие можеби поинаку изговараат некои англиски фонеми за разлика од оние чиишто мајчин јазик им е англискиот. Тоа се случува поради разликите од фонолошки аспект кои постојат помеѓу двата јазика т.е. дали звукот одговара на буквата, дали фонемите се долги или кратки, кои се разликите во однос на артикулацијата на гласовите односно местото и начинот на образување на гласовите итн. Сето тоа претставува голем предизвик за учениците при совладувањето на изговорот, во процесот на учење на странски јазици. Во овој труд се дава преглед на гласовните системи на шпанскиот и англискиот јазик и се прави контрастивна анализа на истите, се презентираат разликите во изговорот на самогласките и најчестите фонетски интерференции помеѓу англиските и шпанските вокали.

2. Todorova, Marija and Koceva, Vesna (2019) Повеќејазичност – фундаментален принцип на европската јазична политика. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 35 (6). pp. 1855-1862. ISSN 2545-4439

**Евалуација на труд:** Овој труд посветува внимание на повеќејазичноста како еден од принципите на европската јазична политика. Во воведот накратко се објаснува потребата од познавање на странски јазици, јазичната разновидност и мултилингвалноста во Европа и потребата од поттикнување и промовирање на учењето на повеќе јазици. Во воведот, исто така, се посветува внимание на Заедничката европска референтна рамка за јазици (ЗЕЕР), официјално издадена во 2001 год. и накратко се објаснува што содржи истата. Во продолжение на трудот се прави дистинкција помеѓу поимот плурилингвизам и поимот мултилингвизам. Исто така, накратко се појаснува терминот повеќејазичност како фундаментален принцип на јазичната политика и се наведуваат целите на јазичната политика на Советот на Европа. Овој труд има за цел да ја претстави разновидноста на официјалните јазици на ЕУ, да ја истакне улогата на повеќејазичноста, нејзините основни карактеристики, како и нејзиното влијание врз јазичната политика на ЕУ за нејзините земји-членки. Со јазичната политика која се спроведува, ЕУ се стреми кон остварување на својата главна цел, а тоа е да ја чува и промовира јазичната и културната разновидност односно плурилингвизмот, да промовира познавање на јазици, да ги поттикнува сите граѓани да бидат повеќејазични, односно да усвојат најмалку два јазика покрај мајчиниот јазик.

3. Todorova, Marija (2018) Улогата на англискиот јазик (Ј2) при усвојување на шпанскиот јазик (Ј3) од страна на македонски студенти. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11). pp. 69-76. ISSN 1857-7059

**Евалуација на труд:** Во овој труд се анализира улогата на англискиот јазик (Ј2) при усвојување на шпанскиот јазик (Ј3) од страна на македонски студенти. Ова истражување е продолжение и дополнување на истражувањето спроведено и анализирано во трудот објавен во меѓународното списание „Палимпсест“ под наслов „Усвојување на шпанскиот јазик како трет јазик кај македонските студенти“. Во истражувањето учествуваат студенти од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Република Македонија, кои изучуваат шпански јазик само една година, почнувајќи од почетно ниво и студенти кои го изучуваат 3 години. Прв јазик на сите студенти им е македонскиот, втор (Ј2) им е англискиот, а шпанскиот им е трет јазик (Ј3). За потребите на истражувањето беше спроведена анкета со цел да се добие информација за учесниците и нивното претходно знаење на јазикот, како и за способноста за пренесување на нивните знаења и вештини од еден јазик на друг.

**Учество во проекти**

Тодорова, Марија (2016-2018). Ментор. Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Евалуација на учеството во проект:** Проектот „МЕНТОР“ е предвиден со меморандум за деловна соработка потпишан меѓу Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и Бирото за преведување ПСД ДОО од Љубљана и е заеднички проект на овие две институции. Проектот започна да се реализира од почетокот на 2016 г. и опфаќа повеќе сегменти: пренос на знаења/информации на студентите на Филолошкиот факултет и другите факултети во рамките на УГД; преведување – инволвирање на двете страни во преведувачките проекти во Македонија и пошироко; обезбедување на пракса во ПСД за студентите на групите за преведување и толкување (сите јазици); обезбедување на обука за наставниот кадар во врска со софтверските помагала за преведување (ТРАДОС и сл.).

Тодорова, Марија (2018-2020). *Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование.* Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Евалуација на учеството во проект:** Преку овој проект се истражуваат различните видови евалуациски постапки, со цел да се утврди остварливоста на целите и задачите на наставата и учењето. Евалуацијата се одвива и во самиот процес на учењето, како и на крајот, како завршна фаза во процесот на наставата, односно ќе се спроведе формативно и сумативно оценување на постигнувањата и на студентите и на нивните наставници. Наставниците го евалуираат наставниот процес за да го определат нивото на успешност на својата наставна пракса и да ги споредат своите наставнички вештини со вештините на своите колеги. Со евалуација на наставата се следи и процесот на реализација на новите курсеви по одделни студиски програми.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија со задоволство ги разгледа доставените документи на кандидатката м-р Марија Тодорова, објавените трудови во меѓународни, во странски и во домашни научни списанија и публикации, учествата на меѓународни научни конференции, активностите во научноистражувачките проекти, како и стручно-апликативната и организациска работа. Сето тоа сведочи за совесно и одговорно исполнување на работните обврски, како и способност за активно работење и креативност.

Врз основа на изнесените податоци за кандидатката, членовите на Рецензентската комисија со задоволство заклучуваат дека м-р Марија Тодорова во целост ги исполнува сите критериуми за избор во наставно-стручно звање виш лектор предвидени со Законот за високо образование, со Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и кандидатката м-р Марија Тодорова да ја избере во наставно-стручно звање виш лектор за наставно-научната област романистика.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Весна Коцева,** доцент, претседател, с.р.
**Д-р Ева Ѓорѓиевска,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Јована Караникиќ-Јосимовска,** доцент, член, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „КИНЕМАТИКА И ДИНАМИКА” ОД ПРОФ. Д-Р СИМЕОН СИМЕОНОВ И ДОЦ. Д-Р САШКО МИЛЕВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2202-45/8 од 109. редовна седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 5.3.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Славчо Цветков,** вонреден професор во пензија, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– **д-р Марија Чекеровска,** доцент на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за учебник „КИНЕМАТИКА И ДИНАМИКА” од авторите проф. д-р Симеон Симеонов и доц. д-р Сашко Милев**,** наменет за студентите на прв циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машински факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Кинематика и динамика“ е наменет за предметот Кинематика и динамика. Предметот е задолжителен, се изучува во трети семестар со неделен фонд на часови 3+2+2. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот**: Ракописот содржи 190 страници компјутерски напишан текст на формат А4, со фонт на букви Arial и големина на фонтот 11, 125 слики и 2 табели. По содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Согласно со нашите сознанија вакви учебници по предметот Кинематика и динамика во Македонија се објавени на Машински факултет во Скопје и Технички факултет во Битола. Овој ракопис се разликува од претходните по тоа што е напишан според наставната програма на Машинскиот факултет при УГД во Штип. Колку што им е познато на рецензентите ваков учебник не е објавен на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот содржи три дела и тоа:
А) Кинематика
Б) Динамика
В) Прилог.

Во првиот дел *Кинематика* теоретските целини се групирани во два дела Кинематика на точка и Кинематика на круто тело.

Во делот *Кинематика на точка*, по воведните објаснувања на основните кинематски големини пат, брзина и забрзување, детално се обработени движењето на дадена точка, со анализа притоа на начините на изведувањето на формулите за брзина и забрзување при движење на точка. Обработени се четири типа на движења на точка и тоа: праволиниско, хармониско и кружно движење и кос истрел. Одделно за секое од овие движење се објаснети движењата и формулите за изминат пат, брзина и забрзување.

Во делот *Кинематика на круто тело* најпрво е дефиниран поимот круто тело, потоа се анализирани и објаснети начините за пресметка на изминатиот пат, брзината и забрзувањето кај транслаторно движење, ротационото движење околу оска, ротационото движење околу точка и рамно (компланo) движење на круто тело. Во делот на ротационите движења се дефинирани поимите аголна брзина и аголно забрзување, објаснети се конекциите помеѓу обемната и аголната брзина, помеѓу нормалното и тангенцијалното забрзување од една страна и аголната брзина и аголното забрзување од друга страна. Воведен е поимот рамно движење, изведени се формулите за пресметка на вкупните брзина и забрзување кај рамно движење на круто тело. На крајот од првиот дел детално се објаснети поимите релативно и преносно движење на круто тело, како и пресметката на кинематските големини кај овие движења, анализирани се сложени движења добиени со сложување само на транслаторни движење, со сложување само на ротациони движења и со сложување на транслаторни и ротациони движења.

Во вториот дел *Динамика* презентираната материја е поделена во 9 посебни целини.

Во воведната целина од делот Динамика се објаснети основните поими во динамиката: гравитација, инерција, Земјино забрзување, сила, маса, материјална точка, време, должина.

Во следната целина е презентирана основната динамичка равенка со која се опишува движењето на материјална точка, со детално разработени формули кои го опишуваат движењето на материјална точка при праволиниско движење и при кос истрел.

Во третата целина се објаснети основните закони на динамиката, Законот за импулс на силата, Законот за количество на движење, Законот за момент на количество на движење. Објаснети се законитостите кои се однесуваат на работа на сила, општо, работа на еластична сила, работа на силата на Земјината тежа, работата на силата при лизгање. Опфатени се и математичките формули кои се однесуваат на кинетичката и потенцијалната енергија при движење на материјална точка. Ова се фундаменталните закони на кои се базира решавањето на многу практични проблеми во инженерството.

Во четвртата целина се објаснети главните динамички равенки кај системите од материјални точки и е објаснето постоењето на одредени сили помеѓу материјалните точки во рамките на даден систем од материјални точки.

Во петтата целина *Принципи на механиката* најпрво е објаснет поимот генералисани координати, потоа е изведена равенката за работата од надворешните и внатрешните сили помеѓу одредени точки од даден материјален систем, позната како Лагранжов принцип, притоа користејќи го поимот за виртуелно поместување. Изведена е и равенката која при движење на материјална точка ја одредува зависноста помеѓу активната сила, силата на врската и инерцијалната сила т.н. Даламберов принцип за материјална точка. Потоа законитостите за Даламберовиот принцип се проширени и за случај на систем од материјални точки.

Во шестата целина е објаснето што е момент на инерција на круто тело, начинот на неговото дефинирање. Изведени се математичките изрази за материјален момент на инерција за случаите кога телото им облик на цилиндар, конус, топка, паралелопипед.

Во седмата целина е анализиран односот помеѓу движењето на телото и силите кои дејствуваат на него. Најпрво при транслаторно движење на телото, а потоа и при вртежно движење на круто тело околу дадена оска. Анализирано е и компланo движење на крута плоча, изведени се динамичките равенки за овој тип на движење, како и изразите за кинетичката енергија при овој вид на движење.

Во осмата целина се објаснети промените до кои доаѓа кога материјален систем (тело) кој се наоѓа во движење во еден краток временски период има контакт со друг систем или неподвижна пречка, односно објаснети се промените при судир на тела. Детално се разработени случаите на прав централен судир, нормален судир во неподвижен ѕид, кос централен судир и кос судир во неподвижен ѕид.

Во деветтата целина е даден краток преглед на реакциите кои се јавуваат при вртење на тело во рамнина.

Во прилогот на крајот од учебникот се презентирани решени примери од материјалот опфатен во овој учебник.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Ракописот „Кинематика и динамика" е корисна литература по предметот Кинематика и динамика и ќе биде од корист за студентите на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Ракописот има научен квалитет и на студентите ќе им послужи за подготовка на испитот по предметот Кинематика и динамика. Овозможува стекнување со основните познавања од техничката механика во делот на кинематика и динамика и можат да го користат и машински инженери вработени во работни организации кои се сретнуваат со оваа материја.

Ракописот ги задоволува критериумите за објавување и се категоризира како учебник.

Земајќи го предвид претходно изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да ја усвои позитивната рецензија на ракописот со наслов „Кинематика и динамика" и да го одобри неговото издавање во форма на електронски учебник во е-библиотеката на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**Рецензенти**

**Д-р Славчо Цветков,** вон. професор во пензија, с.р.
**Д-р Марија Чекеровска,** доцент, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО НАЦИОНАЛНА ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ И ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-34/5 од 237. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 20.1.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Никола Панов,** редовен професор, ПМФ - Институт за географија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
– **д-р Златко Јаковлев,** редовен професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ПРАКТИКУМ ПО НАЦИОНАЛНА ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА”** од **проф. д-р Цане Котески и проф. д-р Никола В. Димитров,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Практикум по Национална туристичка географија“ за предметот Национална туристичка географија се изучува во прв циклус, шести семестар, трета година на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија. Предметот е задолжителен на насоката Туризам, со неделен фонд на часови од 3+2+2 и изборен на насоката ГИД (Гастрономија, исхрана и диететика) со неделен фонд на часови од 2+1+1.

Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма од насоката Туризам и ја опфаќа наставната материја за студиската програма Туризам и ГИД (Гастрономија, исхрана и диететика) на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на 87 страници. Практикумот е напишан на стандарден македонски јазик во А4 формат, нормален проред, фонт Arial, со македонска поддршка и големина на буквите 11.

Се состои од дванаесет вежби, при што секоја вежба е во согласност со наставната програма по предметот Национална туристичка географија, обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, но и за сите студенти од останати факултети на кои се изучува предметот Национална туристичка географија.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Досега во нашата земја е објавен ваков ракопис на ПМФ, Институтот за географија при УКИМ -Скопје и приватниот Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје, но на нашиот Универзитет и факултет сè уште не е објавен ваков ракопис „Практикум по Национална туристичка географија“, за полесно изведување на часовите по настава и за полесно подготвување на материјалот за испит од страна на студентите постои потреба за објавување на поднесениот ракопис.

**Краток опис на содржината:** Ракописот започнува со Вовед во кој е даден краток осврт на значењето на националната туристичка географија. Посочена е предвидената основна и дополнителна литература, како и преглед на содржините кои се обработени во рамките на практикумот.

***Во вежба бр.1 е опфатен материјалот за:*** Проектни задачи: правила за изработка и предлог теми.

***Во вежба бр.2 се разгледува материјалот за:*** Елементи, фактори и појава на туристичките движења во Република Северна Македонија, Елементи на туристичките движења во Република Северна Македонија, Просторни елементи, Функционални елементи, Рекреативни елементи, Културни елементи, Туристичко-географска положба на Република Северна Македонија, Територија, Граници и гранични премини, Туристичко-географската положба спрема главните правци, емитивни земји и региони, Јужноевропска туристичко-географска положба, Балканска туристичко-географска положба и туристичко-географска положба спрема главните туристички правци.

***Во вежба бр.3 се разгледува материјалот за:*** Туристичко-географска положба спрема емитивните простори и земји, Туристичко-географска положба според главните конкурентни туристички региони и земји, Туристичко-географска положба спрема соседните држави како конкурентни земји, Функционални белези на туристичко-географската положба, Транзитност, Контактност, Поливалентност, Мотивски фактори на туристичките движења и Мотивски иницијативни, атрактивни, комуникативни и рецептивни фактори.

***Во вежба бр.4 се посветува внимание на материјалот за:*** Воздушен сообраќај преглед 6, Природно-географски и антропо-географски мотивски фактори, Појава и развој на туризмот, Преттуристички движења, Појава на туризмот и етапи на развој, Развој на туризмот до Втората светска војна, Развој на туризмот по Втората светска војна до денес (1944-2019 год), II. Природни туристичко-атрактивни мотивски фактори и вредности во Република Северна Македонија, Релјеф-геоморфолошки туристички вредности, Релјефни и геоморфолошки туристички вредности и Планините како туристичка вредност.

***Во вежба бр.5 е опфатен материјалот за:*** Планинарско-туристички активни планини во РС Македонија, Клисурите и кањоните како туристичка вредност, Вулканските и поствулканските форми како туристичка вредност и Денудационите форми како туристичка вредност.

***Во вежба бр.6 се обработува:*** Клима и климатско-мотивски фактори и вредности, Климатски фактори и Климатски елементи.

***Во вежба бр.7 се обработува материјалот за:*** Видови клима, Хидрографија-хидрографски мотивски фактори и вредности, Извори, Реки и Езера.

***Во вежба бр.8 се разгледува:*** Глацијални езера, Термоминерални води, Биогеографски мотивски фактори и вредности, Растителен свет, Животински свет, Национални паркови и природни резервати, НП Пелистер, НП Маврово, НП Галичица, Природни резервати, III. Антропогени туристички фактори и мотивски вредности, Културно-историски туристички мотиви, Културно-историски споменици, Етнографски и социјални туристички мотиви, Манифестациски туристички мотиви и Амбиентални туристички мотиви.

***Во вежба бр.9 е опфатен материјалот за:*** IV. Рецептивни фактори за развој на туризмот, Сместувачки капацитети, Угостителски објекти, Туристички агенции, бироа, инфоцентри, Движење на туристичкиот промет, V. Комуникативни фактори за развој на туризмот, Патна и железничка мрежа, Воздушен и крај езерски сообраќај, VI. Видови туризам и нивна валоризација, Езерски туризам, Планински туризам, Бањски туризам, Верски туризам, Урбан туризам, Рурален туризам, Културно-историски туризам, Манифестационен туризам, Вински туризам, Ловен и риболовен туризам и Други селективни видови туризам.

***Во вежба бр.10 се посветува внимание на:*** VII. Туристичка регионализација, Западен регион, средишен регион и Источен регион.

***Во вежба бр.11 се изведува:*** Презентација на проектните активности.

***Вежба бр.12 е:*** Слободна вежба.

**З А К Л У Ч О К**

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање практикум според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Со оглед на изложеното, на **Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му препорачуваме ракописот „Практикум по Национална туристичка географија" од авторите проф. д-р Цане Котески и проф. д-р Никола В. Димитров да биде издаден како ПРАКТИКУМ.**

**Рецензенти**

**Д-р Никола Панов,** редовен професор, с.р.
**Д-р Златко Јаковлев,** редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ОПШТА ПАТОЛОШКА ФИЗИОЛОГИЈА“ ОД ДОЦ. Д-Р МИЛКА КЛИНЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-36/36 од 252. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 1.2.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **проф. д-р Милка Здравковска,** Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- **проф. д-р Елизабета Зисовска,** Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- **доц. д-р Зоран Хаџиски,** Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ОПШТА ПАТОЛОШКА ФИЗИОЛОГИЈА**” од **доц. д-р Милка Клинчева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „**ОПШТА ПАТОЛОШКА ФИЗИОЛОГИЈА“** од авторката доц. д-р Милка Клинчева е наменет за задолжителниот предмет Патофизиологија 1 за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки, студиска програма Општа медицина, студиска програма по Дентална медицина, Фармација и тригодишните стручни студии. Предметот според наставната програма е предвиден да се слуша во петтиот семестар за студентите на Општа медицина, четвртиот семестар за студентите на Дентална медицина, односно петтиот семестар за студиската програма Фармација и за студентите на тригодишните стручни студии. Неделниот фонд на часови изнесува 3+2+1 и носи 6 кредити за студиските програми Општа медицина и Дентална медицина, за Фармација 2+1+1 и носи 4 кредити, за Медицински сестри 3+3+1, кредити 7, за Лаборанти заедно со патологија 3+3+2, со 6 кредити, за Физиотерапевти во третиот семестар со застапеност 2+1+1, со 4 кредити и за Акушерки, заедно со патологија во трет семестар, со застапеност 2+3+1 и 6 кредити. Приложениот ракопис е работен компјутерски, текстот е дополнет со 2 слики и 5 табели кои на многу пластичен начин го дообјаснуваат и илустрираат материјалот поврзан со патолошката физиологија кај човекот.

Доставениот текст потполно е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведените предмети и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на теоретската реализација на Наставната програма.

**Обем на ракописот:** Ракописот кој е приложен за рецензија е оформен на 139 страници А4 формат, со фонт 10, работен е во Arial со македонска поддршка. Текстот е солидно обработен со јасни прикази на сите патофизиолошки промени во организмот. Внесени се 2 илустрации и 5 табели за дообјаснување на текстуалните описи. Обемот на ракописот потполно ги задоволува потребите на предметот за кој е наменет, бројот на часови со кој е застапен и соодветната Наставна програма. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој ракопис претставува дополнето и ажурирано издание на претходно објавена скрипта со истиот наслов, во 2016 година, од истиот автор, поради детектирана потреба од ажурирање на содржината и дополнување на важни поглавја од областа на патолошката физиологија.

**Краток опис на содржината:** Материјалот обработен во ракописот е презентиран на крајно концизен и едноставен начин, и може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините. Ракописот е систематизиран и логички поделен на девет дела (поглавја) и на крајот завршува со користената литература. Овие девет логични целини редоследно ја обработуваат наставната содржина по предметот Патофизиологија 1 за студентите од студиската програма Општа медицина, како и за студентите на Дентална медицина. Трудот е подготвен според стандардна методологија и обработува прашања кои се однесуваат на современите знаења во областа на општата патофизиологија.

На почетокот е дадена содржината на ракописот и може да се забележи дека е уредно презентирана, со јасно и логично обележување на поглавјата со наслови, а одделните делови во склоп на поглавјата како поднаслови на обработената содржина. Страните обележани во делот ***Содржина*** соодветствуваат на обележувањата во ракописот.

Во првиот дел ***Вовед*** се презентирани и објаснети сите неопходни поими во патофизиологијата, меѓу кои дефиницијата и целите на патолошката физиологија.

Во вториот дел ***Адаптација на клетка, повреда и смрт*** се опишуваат процесите на изумирање на клетката, особено кога таа ќе се соочи со стрес и влијанија, било надворешни или внатрешни. Иако клетката подлегнува на адаптација за да преживее и да ја одржи функцијата, некогаш стимулите кои ја напаѓаат се појаки од одбранбените способности и доаѓа до нејзина промена.

Во овој дел се обработени промените на клетките кои се под влијание на различни фактори, и тоа промените во смисла на атрофија, хипертрофија, хиперплазија, метаплазија, дисплазија, интрацелуларни акумулации, патолошки калцификации.

Третиот дел ***Повреда на клетка и смрт*** ги обработува реверзибилните и иреверзибилните промени на клетките кои се зависни од тежината на инсултот, од крвоснабдувањето и од регенеративните капацитети. Презентирани се причините кои доведуваат до смрт на клетката, како и влијанијата на различните агенси кои ја уништуваат клетката, и тоа егзогените и ендогените фактори.

Од егзогените фактори детално се обработени ефектите кои се предизвикани од физичките агенси: механички сили (трауматски шок, Crush синдром, баротраума, движење и недостаток на движење), повреди од електрична струја, зависно од јачината на струјата, јонизирачко зрачење, со посебен осврт на акутниот радијационен синдром и неговите форми, локалните ефекти на зрачењето; влијанието на температурните екстреми, притоа објаснувајќи ги на еден современ начин хипертермијата и хипотермијата со нивните локални и општи ефекти; влијанието на нискиот и високиот воздушен притисок. Овие многу важни промени во организмот, поточно во основната единица на организмот-клетката, се презентирани многу јасно, поткрепени со детален опис на последователните промени и со сознанија од современата наука.

Четвртото поглавје ја обработува ***Клетката и клеточните интеракции во патогенезата на ткивното оштетување,*** преку опис на структурниот и функционалниот интегритет на клетката. Презентиран е јасно и високо научно и стручно транспортот на јоните, зборувајќи за јонските канали, мембранската пумпа, притоа прикажувајќи неколку клинички примери на болести кои во основата го имаат нарушувањето на јонските канали, како на пример цистичната фиброза, болестите на нервното и мускулното ткиво, мијастениа гравис и други болести. Презентирани се и други нарушувања на транспорт на јони. Во овој дел е опишана комуникацијата помеѓу клетките, како и нивната комуникација со соседната екстрацелуларна супстанција, која е овозможена со посредство на адхезивни молекули (како на пример интегрини, протеини слични на имуноглобулините, кадхерини и селектините). Потешките заболувања каде што доаѓаат до израз адхезивните молекули се: имунолошките и воспалителни случувања, сепса, зараснување на рани, регенерација и

репарација на оштетувањето, васкуларизација на ткивото, прогресија на туморскиот раст, создавање на метастазите, атеросклерозата, тромбозата, одбивање на трансплантатот, исхемиското оштетување на ткивото и сл.

Многу важен дел во овие промени е сигналната каскада, која ретко каде е толку сликовито и научно опишана, на еден прифатлив и разбирлив стил.

Посебен дел во ова поглавје е посветено на оштетувањето на клетката и нејзината смрт, притоа давајќи детален опис на постепените процеси на умирање на клетката, со посебен осврт на некрозата и апоптозата и механизмите на нивното настанување.

Покрај смртта на клетката, обрнато е внимание и на регенеративните процеси со постојаната пролиферативна способност. Како значаен фактор во регенерацијата е постоењето на матичните клетки кои во принцип се недиференцирани и зависно од стимулите трпат диференцијација во различни ткива. Во правец на оваа способност, посветено е внимание на зараснувањето на раните, особено за комплетното зараснување.

Четвртото поглавје содржи современи информации и за воспалението како посебен патофизиолошки и патолошки процес, особено за инвазијата на воспалителните клетки. Како посебни феномени издвоени се епителизација на рана, формирање на гранулационото ткиво, фиброзирање на ткивото и создавање на лузни, со потенцирање на причините за нарушување на сраснувањето на раните.

Петтото поглавје е посветено на ***Хипоксијата на организмот и нарушувањето на транспортот на кислород во ткивата,*** причините и последиците од недостатокот на кислород во ткивата. Постепено се опишува улогата на кислородот во крвта, депоата на кислород, потребите на организмот за кислород, механизмот на транспорт на кислородот, со конкретни пресметки на потребите и потрошувачката на кислород во ткивата и искористувањето во ткивата. Покрај описот на причините за хипоксија, опишан е тип на хипоксија, во однос на патогенетскиот механизам, последиците, клиничките знаци и начинот на надминување на проблемот. Многу детално и на современ начин е опишан процесот на компензација на недостатокот на кислород, како и клеточната реакција на недостаток на кислород-хипоксијата.

Во истото поглавје се презентирани и патофизиолошките основи за кислородна терапија, имајќи ја притоа предвид користа и штетата од неправилно индицираниот и дозиран кислород. Посебен осврт е даден на терапевтските и штетните ефекти на кислородот.

Шестото поглавје го обработува ***Воспалението како одбранбен механизам*** и се задржува главно на воспалителните промени кои се јавуваат како реакција на инфламаторен агенс. Најпрво детално е дефинирано воспалението, како и факторите одговорни за текот на воспалителниот процес. Потенцирана е клучната улога во воспалителната реакција на ендотелот, тромбоцитите, леукоцитите, коагулациониот систем и системот на комплементот. Основна задача на воспалението како одбранбен феномен е локализација и регулација на воспалителните процеси. Нарушената регулација и локализација претставува основа за автоагресивно воспаление. Детално се опишани сите чинители во текот на воспалителната реакција, нивната улога и потенцијалните можности за отстапување од очекуваниот процес.

Системот на коагулационата каскада зазема посебно место во ова поглавје, што е многу важно за разбирање на регулацијата на хемостазата. Посебен осврт е даден на комплементот како важен фактор во воспалителниот процес. Клиничките знаци на воспалението се презентирани на јасен, разбирлив начин, што е од суштествена важност за клиничката практика. Системскиот воспалителен одговор е обработен посебно, како локален и системски, и опишана е детално мултиорганската слабост при системско воспаление, што често може да доведе до прогресивно влошување на клиничката состојба.

Треската, како составен дел на системското воспаление зазема важен дел во ова поглавје. Презентирани се видовите на треска, типовите на температурни криви, притоа користејќи современи податоци од најновата литература за оваа област.

Седмото поглавје ги презентира патофизиолошките промени при појава на ***неоплазмите*** и со оглед на евидентниот пораст на неоплазми во популацијата ова поглавје

има големо значење за разјаснување на некои процеси, причини и начини на превенција од појава на неоплазми.

Опишани се детално етиолошките фактори за кои се смета дека имаат учество при зачестената појава на неоплазми (од физичките фактори -ултравиолетовите зраци, јонизирачкото зрачење, рендген зраците, гама зрачењето; од хемиските-канцерогените материи кои можат да дејствуваат директно или индиректно, биолошките фактори, меѓу кои позначајни се онкогените вируси. Притоа, не се запоставени и генетските фактори и предиспозицијата за појава на неоплазми и стекнатите состојби кои го зголемуваат ризикот од нивна појава.

Механизмот на туморската трансформација е многу сликовито опишан, поткрепен со современи научни податоци од литературата.

Не е запоставена ни интеракцијата на туморите, било бенигни или малигни, со имуниот систем на човекот, што има значење за крајниот исход.

Осмото поглавје е посветено на ***Нарушувањата на внатрешната средина*** кои не се само последица на нарушувања, туку понекогаш и причина за трансформација на физиолошки во патофизиолошки процес. Во ова поглавје се обработени нарушувањата на волуменската рамнотежа и осмолалноста, нарушувањата на капиларите, патогенезата на отоците и асцитот, и движењето на водата од еден во друг компартмент.

Во рамките на оваа рамнотежа посветено е внимание и на контролната оска на антидиуретскиот хормон кој ја регулира хидратацијата на организмот и движењето на водата.

Друга важна оска во регулацијата на виталните процеси е ренин-ангиотензин, одговорна за регулација на притисокот, влијанието на натриуретскиот фактор.

Улогата на бубрезите во регулацијата на внатрешната средина е детално опишана и презентирани се табеларно најголем број од промените и нивните последици.

На хиповолемичните состојби е посветено особено внимание, како состојби кои често доведуваат до нерамнотежа во внатрешната средина и на овој начин презентирани даваат јасна претстава за нивната важност во регулација на многу витални процеси.

Не се пропуштени ни хиперхидратационите состојби, кои исто така од своја страна даваат последици и клинички одраз.

Јонската рамнотежа си има свое значење во физиолошките и патофизиолошките процеси и во рамки на овој дел се претставени регулациите на натриумовите јони, хлоридите и калиумот.

Деветтото поглавје е комплетно нова содржина во овој ракопис, а се задржува детално на ***Ацидобазната рамнотежа и нејзините нарушувања.*** Во овој дел, многу важен за нормалното функционирање на организмот, поединечно и детално се објаснети четирите главни нарушувања, и тоа метаболната ацидоза, метаболната алкалоза, респираторната ацидоза, респираторната алкалоза и мешаниот тип на нарушување на ацидобазната рамнотежа. Со ова поглавје се заокружува целината на сите нарушувања на физиолошкото функционирање на организмот и се објаснува основата на многу здравствени проблеми кај човекот. Ова поглавје всушност ги разработува основите на нарушувањето на внатрешната средина, хомеостазата, како и реакциите на организмот на овие нарушувања. Со тоа, овој ракопис добива една комплетна форма која има цел да ги комплетира знаењата на студентите од областа на патолошката физиологија.

Во последниот дел е приложена ***Користената литература,*** која е современа, содржи 8 референци, соодветна и уредно цитирана во текстот. Литературата му овозможува на читателот (студентот) да ги прошири своите знаења. Базичната литература се состои од повеќе цитирани книги и учебници кои претставуваат извор на информации кои се сублимирани во предложениот материјал на овој ракопис.

## З А К Л У Ч О К

Доставениот ракопис несомнено има добар наставен пристап кон проблематиката што ја обработува и врз основа на изнесеното може да се заклучи дека се работи за обемен и квалитетен труд кој е од посебен интерес за едукација од областа на општата патофизиологија. Совладаната содржина има потенцијал да ги подготви студентите за понатамошното изучување на останатите претклинички и клинички дисциплини.

Трудот е работен според Наставната програма, комплетно и стручно е оформен и дава придонес во стручната литература со што реално се потенцираат очекувањата дека ќе одговори на својата намена. Ова претставува обновено, дополнето и осовременето издание на претходната скрипта по предметот Патолошка физиологија на Факултетот за медицински науки во Штип. Токму овој формат ја задоволува комплетно реалната потреба од еден ваков учебник за овој предмет.

Ракописот во целост ги задоволува критериумите за учебник по задолжителниот предмет Патофизиологија, општиот дел, за студентите од студиските програми: Општа медицина, Дентална медицина, Фармација и тригодишните стручни студии. Работен е според Наставната програма за споменатиот предмет, а воедно ги задоволува и условите од одредбите во Правилникот за издавање на учебници пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Милка Здравковска,** с.р.
**Проф. д-р Елизабета Зисовска,** с.р.
**Доц. д-р Зоран Хаџиски,** с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ИНТЕЛИГЕНТНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМПОНЕНЕТИ И УРЕДИ” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ГОЦЕ СТЕФАНОВ, ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1802-38/7 од 161. редовна седница на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет, одржана на 8.2.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Василија Шарац**, редовен професор на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– **д-р Сашо Гелев**, редовен професор на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис, учебник **„ИНТЕЛИГЕНТНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМПОНЕНЕТИ И УРЕДИ”** од авторот **д-р Гоце Стефанов,** вонреден професор**,** наменет за студентите на прв циклус студии на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за учебникот **„Интелигентни електронски компоненети и уреди“** е наменет за студентите на Електротехничкиот факултет како основно учебно помагало по предметот **Микрокомпјутери и програмабилни логички контролери.**

Овој предмет според новата наставна програма е предвиден како **задолжителен предмет во VIII семестар на прв циклус студии за студентите на студиските програми Автоматика и системско инженерство и Мехатроника и роботика на Електротехничкиот факултет, со неделен фонд на часови 2+2+1**.

Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и во целост ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет, ги покрива сите области од предметот Микрокомпјутери и програмабилни логички контролери според доделената акредитација за истиот, според што истиот може да биде прифатен како основен учебник по предметот Микрокомпјутери и програмабилни логички контролери.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот за учебникот **„Интелигентни електронски компоненети и уреди“** од авторот вон. **проф. д-р Гоце Стефанов** е напишан на македонски јазик, содржи вкупно 291 страници компјутерски среден текст, што овозможува лесно следење на презентираниот материјал.

Низ целиот текст на учебникот авторот дава систематизиран пристап кон третираните области преку постепено внесување на студентите од поопшта кон поконкретна материја збогатена со задачи и примери, со цел полесно и поефикасно разбирање и совладување на материјалот. Целиот ракопис е изработен на високо техничко ниво. При изработката на трудот кандидатот навел и голем број библиографски единици, од кои мнозинство припаѓаат на релевантна стручна и научна литература од странски автори.

Обемот и содржината на ракописот се во склад со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Содржината на ракописот за учебникот **„Интелигентни електронски компоненети и уреди“** по предметот Микрокомпјутери и програмабилни логички контролери, како задолжителен предмет во

осми семестар за студентите на студиските програми Автоматика и системско инженерство и Мехатроника и роботика на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со неделен фонд на часови 2+2+1, е целосно соодветен на усвоениот наставен план и програма и е логично структуриран и води во насока на остварување на поставената цел и задача на авторот.

Ракописот за учебникот **„Интелигентни електронски компоненети и уреди“** обработува научна материја која брзо се развива и претставува дополнување и надградба на скриптата „Микрокомпјутери“ од истиот автор, која е издадена во рамките на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Учебници со слична тематика на останатите универзитети во земјава не постојат.

Понудениот учебник по предметот **Микрокомпјутери и програмабилни логички контролери** целосно е приспособен на фондот на часови 2+2+1 според соодветно добиената акредитација за овој предмет. Соодветно на тоа, сметаме дека овој учебник е целосно и соодветно приспособен на потребните и барањата на студентите на прв циклус студии на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Понудениот ракопис концизно и прецизно им овозможува на студентите да се запознаат и да го совладаат предметот **Микрокомпјутери и програмабилни логички контролери** и соодветно да ги прошират своите знаења и познавања од областа на интелигентните компоненети и уреди во склад со потребите на современиот инженерскиот кадар.

**Краток опис на содржината:** Приложениот ракопис за учебникот **„Интелигентни електронски компоненети и уреди“** од авторот вон. **проф. д-р Гоце Стефанов** содржи вкупно 291 страница текст, систематизиран во шест глави и користена литература.

Сите делови од предметниот ракопис се меѓусебно поврзани во една целина и ја прикажуваат во целост проблематиката и прашањата од областа на интелигентните компоненети и уреди за кои авторот смета дека треба да бидат изучувани од страна на студентите по електротехника. Основна цел која авторот ја следи во подготовката на овој ракопис е запознавање на студентите со основите на микрокомпјутерската базирана инструментација и здобивање на знаења од истата која воедно претставува и важен дел како во електротехниката, така и од секојдневниот живот.

Првиот дел е воведен и со него студентите се запознаваат со основите на интелигентните електронски компоненети и уреди, микропроцесорите и микрокомпјутерите, нивниот развој, историја, основна архитектура.

Во вториот дел е даден преглед на архитектурата на интелигентна електронска компоненета. Направена е анализа на нивната архитектура, пински дијаграм, меморски и периферен простор.

Во третиот дел се проучува микропроцесорот како прва интелигентна електронска компоненета. Акцентирани се основните предности и карактеристики на микропроцесорот во однос на дискретните интегрирани кола.

Во четвртиот дел се разгледуваат микрокомпјутерите. Тие се најсофистифицираните електронски компоненти со највисок степен на интеграција. Анализирани се карактеристиките на микрокомпјутерите кои ги прават овие интелигентни компоненти супериорни во однос на микропроцесорите.

Во петтиот дел се дадени принципите на програмирање на интелигентните електронски компоненети. Се проучува асемблер јазикот како најблизок до машинскиот јазик. Овде се проучува и микро C, како јазик од повисоко ниво кој зема значајно место во инженерскиот дизајн на интелигентните компоненети.

Во шестиот дел се анализираат уреди кои се базираат на интелигентните компоненети. Овде се проучени специфичноста на овие уреди од аспект на хардверот и софтверот. Дадени се конкретни решенија на интелигентни електронски уреди кои се реално практично применливи.

Последниот дел е **Користената литература**, во кој авторот наведува библиографски единици што ја разработуваат проблематиката што е предмет на ракописот на учебникот.

**З А К Л У Ч О К**

Врз основа на понудената содржината и оценката за квалитетот и соодветноста на третираните теми релевантни на областа електротехника, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот ракопис од авторот вон. проф. д-р Гоце Стефанов под наслов „Интелигентни електронски компоненети и уреди“ одговара на критериумите за квалитет и приспособеност на наставните планови и програми и соодветно на тоа му предлага на **Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип:**

1. Да го прифати Извештајот за содржината, оценката и предлогот на ракописот под наслов **„Интелигентни електронски компоненети и уреди“** изготвен од авторот **вонреден професор д-р Гоце Стефанов;**
2. Да го одобри издавањето и користењето на ракописот **„Интелигентни електронски компоненети и уреди“** изготвен од авторот **вон. проф. д-р Гоце Стефанов** како учебник по предметот Микрокомпјутери и програмабилни логички контролери.

**Рецензенти**

**Д-р Василија Шарац,** редовен професор, с.р.
**Д-р Сашо Гелев,** редовен професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно - научниот совет на единицата**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | 1. Анализа на кардиоспецифични ензими кај пациенти со коронарна артериска болест | 2002-70/29 од 12.3.2021 г. | Проф. д-р Милка Здравковска | Зехрија Мандак |
| | 2. Третман, нега и едукација на пациенти со ендокрини заболувања во општина Штип во период од 2015 - 2020 | 2002-70/30 од 12.3.2021 г. | Проф. д-р Гордана Панова | Верица Андова |